| 15 | Николче Кочовски | 1980 | IV-Гимназ | ССС | Стражар-чувар | / | 16г 02м |

## 3.6 Податоци за ангажираните образовни медијатори

| Ред бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо вание | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | / | / | / | / | / | / | / |

## 3.7 Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | М | ж | М | Ж | М | ж | М | ж | М | ж | м | Ж |
| Број на Вработени | 66 | 25 | 41 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Број на наставен кадар | 44 | 13 | 31 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Број на воспитувачи | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Број на стручни соработници | 3 | 1 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Администра-- тивни работници | 2 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Помошно-- техничкв Кадар | 15 | 10 | 5 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Директор | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Помошник Директор | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Образовни медијатори (дохолху се ангажирани во училиштето) | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

## 3.8 Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии – втор циклус | / |
| Високо образование | 51 |
| Виша стручна спрема | / |
| Средно образование | 3 |
| Основно образование | 12 |

## 3.9 Вкупни податоци за старосната структура на вработени

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 1 |
| 31-40 | 20 |
| 41-50 | 19 |
| 51-60 | 24 |
| Над 61- | 2 |

## 3.10 Податоци за учениците во основното училиште

Комисијата за упис на ученици во прво одделение е во следниот состав: Жана Јосифоска – педагог, Дејан Бошевски – Психолог и Билјана Јошевска – одделенски наставник. Комисијата за упис на ученици со надмината возрасна граница е во состав: Дејан Бошевски – психолог, Никола Костовски – одделенски наставник и Анита Николовска Ивановска – одделенски наставник.

**Број на ученици и паралелки - Основно училиште**

| Одделение | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | |
| | | | М | ж | М | Ж |
| I | 2 | 25 | 15 | 10 | / | / |
| II | 2 | 25 | 15 | 10 | / | / |
| III | 2 | 29 | 15 | 14 | / | / |
| **I-III** | **6** | **79** | **45** | **34** | | |
| IV | 2 | 30 | 17 | 13 | / | / |
| V | 2 | 28 | 16 | 12 | / | / |
| VI | 3 | 35 | 21 | 13 | / | 1 |
| **IV-VI** | **7** | **93** | **54** | **38** | / | **1** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| VII | 3 | 37 | 21 | 16 | / | / |
| VIII | 3 | 36 | 20 | 16 | / | / |
| IX | 3 | 50 | 22 | 26 | / | 2 |
| **VII-IX** | **9** | **123** | **63** | **58** | **/** | **2** |
| I-IX | 22 | 295 | 162 | 133 | / | 3 |

**Број на ученици и паралелки - Подрачни училишта**

| **Подрачно училиште** | **Број на ученици по одделенија** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **I-V** | **Бр.на парал.** |
| Суводол | 4 | 2 | 2 | 3 | 3 | 14 | 3 |
| Вардино | 2 | / | 1 | 2 | 2 | 7 | 2 |
| Света | / | 3 | 1 | / | / | 4 | 1 |
| Единаковци | / | / | 1 | 1 | / | 2 | 1 |
| Журче | / | / | 2 | / | 1 | 3 | 1 |
| Слепче | 2 | 1 | 3 | 4 | / | 10 | 2 |
| Вкупно | 8 | 6 | 10 | 10 | 6 | 40 | 10 |

**Вкупен број на ученици на ниво на училиште**

| I | II | III | IV | V | **I-V** | VI | VII | VIII | IX | **VI-IX** | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 33 | 31 | 39 | 40 | 34 | **177** | 35 | 37 | 36 | 50 | **158** | 335 |

Просечниот број на ученици на ниво на паралелка е 10,5. Во споредба со предходната учебна година бројот на учениците е зголемен за 1.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик.

## 4. Материјално - финансиско работење на основното училиште

Во текот на учебната 2024-2025 година за успешно одвивање на редовната работа на училиштето, со Буџетите за 2024 и 2025 година, планирани се редовни одржувања на училишната зграда на Централното училиште, сместена во Демир Хисар, исто така и одржување на Подрачните училишта, кои се во состав на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар,како и Спортската сала„ Јордан Пиперката“, а во смисла на градежни зафати за бојадисување на истите, поправка на подови, тоалети, набавка на нова санитарија онаму каде е потребна и други тековни активности.

Покрај редовните зафати за одржување на градежните објекти со кои располага училиштето, направена е демонтажа и монтажана подови со винфлекс и винајз плочки во учлници во Централното училиште,крпење на скалишен простор и премачкување со подлога од бетон, и премачкување на скалишен простор на трибини во Спортска сала „Јордан Пиперката“, градежни зафати-малтер на фасада,крпење,премачкување и боење на фасадата,и премачкување на вертикални олуци

Набавени се следните основни сретства:

| | |
|---|---|
| Школски клупи | 50 парчиња, |
| училишни столчиња | 10 парчиња |
| Детски ПВЦ столчиња | 35 парчиња |
| Конгресни столови | 25 парчиња |
| Школски табли | 4 парчиња |
| Школски табли | 13 парчиња |
| Школски табли | 4 парчиња |
| Персонални компјутери | 16 парчиња |
| Персонални декстоп компјутери | 20 парчиња |
| Интерактивни табли | 2 парчиња |
| Проектори | 5 парчиња |
| Држачи за проектори | 2 парчиња |
| Проекциони платна со држачи | 2 парчиња |
| TV LED ST 55CX7800 Ultra | 15 парчиња |
| Радио ЦД плеери | 3 парчиња |
| Агломери | 2 парчиња |
| Дрвени лењири | 2 парчиња |
| Дрвени триаголници | 2 парчиња |
| Дрвени шестари | 2 парчиња |

Исто така се набавени и детски атласи, конуси за бележење на броеви и азбука ,карти, речници по Француски јазик и др., а за потребите на училишната библиотека, набавени се 158 парчиња училишна лектира во вкупен износ од 29.843,00 денари, со што е збогатен постојниот библиотечен фонд на училиштето.

## 5. Мисија и визија

### 1. Што сакаме да постигнеме?

- ✓ Градење креативни и морални личности кои ќе се интегрираат во современите текови на животот;
- ✓ Да се практикува демократијата
- ✓ Зајакнување на комуникацијата и добри врски помеѓу училиштето, семејството и заедницата;
- ✓ Обезбедување на современи услови за работа

### 2. На кој начин би го постигнале тоа?

- ✓ Примена на активни методи и техники на учење  и оценување на постигањата на учениците;
- ✓ Јакнење на тимската работа;
- ✓ Почитување на гласот на учениците

**Мисија:**

„Создаваме демоктратски вредности, инклузивност и мултикултурализам“

**Визија:**

„Подготовка на ученици спремни за следење на технолошките трендови со развиена способност за критичко мислење“

## 6. Веќе научено/стекнати искуства

Подигнувањето на квалитетот на наставниот процес е постојана грижа на училиштето. Успешноста во работата во училиштето се темели на тимската работа и исполнување на работните обврски од страна на вработените и нивно професионално усовршување. Наш стремеж е остварување на висок професионализам, перманентна едукација и подготвеност на учениците да се соочат со предизвиците на новото време.

Стекнати искуства:
- Едуцирање личности кои поседуваат високо морални и образовни критериуми;
- Создавање на стимулативна средина за работа;
- Тимска работа;
- Продлабочување и градење на соработката со учениците, родителите и локалната средина;
- Подобрување на квалитетот во наставата;
- Примена на информатичка технологија;
- Континуиран развој на функционална клима и култура;
- Континуиран професионален развој на наставниците и стручните соработници;
- Организација и реализација на наставата според стандарди;
- Подобрување на квалитетот во процесот на проверување, следење и вреднување;
- Транспарентност во информирањето за работата на училиштето;
- Континуирано набавување на неопходните нагледни средства и збогатување на лектирен фонд;
- Естетско уредување на училишниот двор и надворешните терени;
- Поддршка на ученици од ранливи категории и ученици со емоционални потешкотии;
- Поддршка на надарени и талентирани ученици;
- Негување на мултикултурализмот;
- Слободни ученички и воннаставни активности, застапени според интересите на учениците;
- Севкупна грижа за здравјето на учениците и вработените и здрава животна средина;
- Учество на обуките организирани во рамките од БРО од страна на наставниците и стручните соработници;
- Ажурирање на веб-страницата на училишетето;
- Поставување енергетско- штедливи светилки;
- Реализација на работилници од Еко-проект;
- Поддршка на ученици кои работат по ИОП програма;
- Активно вклучување на ученички парламент во донесување одлуки и работа на училиштето
- Доследно применување на упатството за применување на задолжителни мерки и активности за заштита на физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените донесено од министерот за образование
- Спроведување на препораките од Владата на РСМ за штедење на електрична и топлинска енергија;

Слабите страни детектирани со интегралната евалуација од октомври 2023 год., ќе ни бидат предизвик да преминат во позитивни страни на училиштето и да станат дел од стекнатите искуства.

Наставниците кои реализираат настава од прво до петто одделение и наставниците по македонски јазик од шесто до деветто одделение ја посетија обуката на тема: „Медиумска писменост“ во организација на БРО и УСАИД. На обуката беа реализирани следните модули: Типови медиуми и нивни карактеристики, Улогата на новинарството, Предизвици и опасности на социјалните мрежи, Информациски неред, дезинформации, Верификација на информации и фото - форензика и Креирање медиумски содржини. Обуката придонесе за јакнење на компетенциите на наставниот кадар за реализација на содржини поврзани со концептот медиумската писменост.

## 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Согласно констатираната состојба за унапредување на воспитно-образовната работа и потребите од промени во определени подрачја за учебната 2024-2025 година, ќе бидат опфатени следните Приоритети во одделни подрачја:

<table>
<tr><th colspan="2">Подрачје на промени</th></tr>
<tr><th>Стратешка цел</th><th>Развојна цел</th></tr>
<tr><td rowspan="2">1. Јакнење на капацитетите на наставниот кадар</td><td>1. Споделување на искуства и давање поддршка за реализација на новата концепција за седмо одделение</td></tr>
<tr><td>2. Интегрирање на искуствено учење за животна средина и климатски промени во наставата по природни науки од прво до шесто одделение</td></tr>
<tr><td rowspan="2">2. Осовременување на наставата преку набавка на наставни средства, помагала и ИТ опрема</td><td>1. Набавка на нагледни средства и помагала за потребите на наставата</td></tr>
<tr><td>2. Поддршка на процесот на учење преку зголемување на библиотечниот фонд со лектирни изданија и стручна литература</td></tr>
<tr><td rowspan="2">3. Подобрување на условите за работа и естетскиот изглед</td><td>1. Естетско доуредување на ентериерот и екстериерот на училиштето</td></tr>
<tr><td>2. Физичко обезбедување со ограда на опфатот на училишниот двор</td></tr>
</table>

**Акциски планови**

**Стратешка цел: 1. Јакнење на капацитетите на наставниот кадар**

**1.1 Развојна цел: Споделување на искуства и давање поддршка за реализација на новата концепција за седмо одделение**

| Задача | Активност | Времен-ска рамка | Носител | Начин на спрове-дување -ресурси | Следење | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Очекувани резултати | Одговорно лице | √ x | Потребен буџет |
| Зголемена професионална соработка меѓу наставниците од различни предмети и дисциплини | Интензивирање на соработката со Стручни Активи во училиштето со цел давање поддршка на наставниот кадар во изработка и реализација на Наставните планови. | Септември 2025 | Тим на училиштето за професионален развој | Индивидулани и групни средби | Поефикасен пристап кон изработка и реализација на наставните планови и програми. | Стручни соработници и наставници | | / |
| Зголемена професионална соработка меѓу наставниците од различни предмети и дисциплини | Интензивирање на соработката со Стручни Активи во училиштето со цел давање поддршка на наставниот кадар во изработка и реализација на Наставните планови. | Септември 2025 | Тим на училиштето за професионален развој | Индивидулани и групни средби | Поефикасен пристап кон изработка и реализација на наставните планови и програми. | Стручни соработници и наставници | | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Изготвување на планирања за реализација на наставната програма, неделни планирања и сценарио за час за задолжителните предмети и слободните изборни предмети | На ниво на стручни активи запознавање со процесно развојниот пристап во планирањето | Септември-Октомври 2025 | Стручни активи на училиштето | Споделување на искуство | Создавање на стимулативна средина во која учениците ќе бидат активно вклучени во наставата | Одговорните на активите | | / |
| Активно учество на учениците во процесот на учење | Примена на интерактивни методи во наставата | Континуирано во текот на учебната година | Наставниците кои реализираат настава во седмо одделение | Споделување и размена на нови сознанија | Зголемена соработка меѓу учениците, учење преку проекти, искуствено и дигитално учење | Стручни соработници и наставници | | сопствени |
| Саморефлексија на постигнатите резултати | Согледување на потешкотиите и вградување на стекнатите ускуства за наредната учебна година | Мај-јуни 2026 | Наставници и стручни соработници | Индивидулани и групни средби | Стекнување продлабочени знаења, развивање на комуникациски вештини, вештини за самостојна и за тимска работа. | Стручни соработници и наставници | | / |

**1.2 Развојна цел: Интегрирање на искуствено учење за животна средина и климатски промени во наставата по природни науки од прво до шесто одделение**

| Задача | Активност | Времен-ска рамка | Носител | Начин на спрове-дување -ресурси | Следење | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Очекувани резултати | Одговорно лице | √ x | Потребен буџет |
| Идентификација на можностите за интеграција на еколошки содржини во наставата по природни науки и по други наставни предмети | -Изготвување на план за вклучување на темите по предметот ПН и други наставни предмети | Септември 2025 | Членовите на стручниот актив од одделенска настава и наставниците кои реализираат ПН | Споделување на искуство | Изготвен план со еколошки и климатски теми | | | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Интегрирање на еколошки содржини во рамките на предметот Природни науки<br><br>/поврзување со други предмети/ | Интеграција преку проекти, експерименти и вклучување на теми како загадување, обновливи извори на енергија и климатски промени | Во текот на учебната година | Наставниците кои реализираат ПН | Тимска работа | Поголема едуцираност на учениците за заштита и одржување на природата и живиот свет во неа | | | / |
| Организирање на ресурси потребни за реализација на еколошките теми | Избор на материјали , средства за работа, пристапност на материјалите<br><br>Подготовка на видеа, постери, игри и едукативни пакети | континуирано | Претседателите на активите и членовите | Индивидуални и групни средби | Безбедно користење на материјалите примена на различни стратегии при ракување со материјалите | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Иницирање на активности за обезбедување почиста и поздрава животна средина | Организирање на еко акции и активно учество на учениците | Во текот на учебната година | Наставниците кои реализираат настава од прво до петто одделение | Давање на идеи и предлози со цел учениците искуствено преку опити и експерименти да учат за животната средина | Учениците да стекнуваат еколошки навики и разбирање на климатските промени | | | |
| Реализација на креативни активности на часовите | Едукативни посети на институции и соработка со локална средина | Во текот на учебната година | Наставниците кои реализираат настава од прво до петто одделение | Споделување на идеи | Формирање на ставови и вредности за заштита на околината од загадување и практична примена на знаењата | | | |

**Стратешка цел: 2. Осовременување на наставата преку набавка на современи наставни средства и помагала**

**2.1.Развојна цел: Набавка на нагледни средства и помагала за потребите на наставата**

| Задача | Активност | Времен-ска рамка | Носител | Начин на спрове-дување -ресурси | Следење | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Очекувани резултати | Одговорно лице | √ x | Потребен буџет |
| Идентификација на потребата од набавка на нагледни средства и помагала според потребите | -Преглед со потребните нагледни средства и помагала | Септември 2025 | Директорот<br>Училишниот одбор | -Јавна набавка | Подобрување на квалитетот на наставата, зголемување на мотивацијата за работа и учење | Администратор от на училиштето | x | |
| Изготвување на листи со потребните нагледни средства и помагала | -Состаноци на стручните активи<br>- Информирање на директорот | Август - Септември 2025 година | Претседатели на стручните активи | - Анализа на состојбата | Поголема мотивација за учење<br>Поголема мотивација за работа | Администратор от на училиштето | x | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Набавка на нови нагледни средства и помагала според потребите | Анализа на доставените податоци;<br>Да се достави писмен извештај<br>Да се набават нагледни средства и помагала според потребите | Во текот на учебната 2025/2026 година | Претседатели на стручните активи<br>Директор | - Листа со постоечка опрема<br>- Листа со потребни нагледни средства и помагала според потребите | Успешно снабдување со потребните ресурси и квалитетна настава | директорот | √ | 60. 000,00 |

**2.2.Развојна цел: Поддршка на процесот на учење преку зголемување на библиотечниот фонд со лектирни изданија и стручна литература**

| Задача | Активност | Времен-ска рамка | Носител | Начин на спрове-дување -ресурси | Следење | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Очекувани резултати | Одговорно лице | √ x | Потребен буџет |
| Набавка на наставни средства и помагала за потребите на наставата | - Договор со претседатели на стручни активи и одговорно лице во библиотеката<br>Информации за потребите на наставни средства и библиотечен фонд | Октомври 2026 | Претседатели на стручни активи и библиотекар | Остварување на контакти со библиотеки и претпријатија за продажба на книги и други нагледни средства | Градење високи лични стандарди за успех и позитивен став кон читањето и придобивките од наставните средства кај учениците | Библиотекар и наставници | | Износ во зависност од можностите на училиштето |
| Подршка на процесот на учење преку зголемување и набавка на лектирни изданија | - Да се изготви Преглед на потребните лектирни изданија<br>-Набавка на лектирите | Прво полугодие | директор | Остварување на контакти со издавачки куќи | Обновување на библиотечниот фонд | директор | | Износ во зависност од буџетот на училиштето |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Промовирање на новите лектирни изданија | Стручен актив за одделенска настава | Второ полугодие 2026 год. | Одговорните на активите | Промоција на новите лектири | Зголемен интерес за книгите | Библиотекар наставници | | |

**Стратешка цел: 3. Подобрување на условите за работа и естетскиот изглед**

**3.1. Развојна цел: Естетско доуредување на ентериерот и екстериерот на училиштето**

| Задача | Активност | Времен-ска рамка | Носител | Начин на спрове-дување -ресурси | Следење | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Очекувани резултати | Одговорно лице | √ x | Потребен буџет |
| Да се разгледа каде може во училишниот хол и ходниците во централното и подрачните училишта да се насликаат едукативни мурал со цел подобрување на естетскиот изглед и создавање пријатно чувство кај учениците. | ▪ Да се формира стручен тим<br>Да се утврдат потребните материјали за цртање и сликање | Септември 2025 | Стручен тим – директор<br>Пом. Директор<br>Хаус мајстор<br>Наставник по ФЗО<br>Наставник по ликовно образование | Анализа на состојбата | Формирање стручен тим | директорот | | Според потребите |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Избор на местото(ходникот во најгорниот спрат) каде ќе се реновира и обновува просторот во централното и подрачните училишта. | Преглед за набавка на потребен материјал | Октомври 2025 | Директор Помошни работници | Анализа на состојбата | Подобување на состојбата на мини спортското иралиште | директорот | | Според потребите |
| Да се пристапи кон оплеменување со сликање избирајќи ликовни изрази, мотиви како и местата во училиштето, за да се мотивираат учениците | ▪ Да се формира стручен тим Да се утврдат потребните материјали за реставрирање на дел од учлниците | Ма ј 2026 | Стручен тим – директор Пом. Директор Хаус мајстор Наставник по ликовно образование | Анализа на состојбата | Формирање стручен тим | директорот | | Износ во зависност од потребите |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| План за набавка на материјал – бои акрилни фасадни за внатрешно и надворешно цртање и сликање на влезот од училиштето. | Прецизно планирање на материјали и буџет за набавка на потребни материјали | Април - Мај 2026 | Директор<br>Помошни работници<br>Наставник по ликовно образование | Анализа на состојбата | Подобување на состојбата во училишниот двор | директорот | | Износ во зависност од потребите |

### 3.2.Развојна цел: Физичко обезбедување со ограда на опфатот на училишниот двор

| Задача | Активност | Времен-ска рамка | Носител | Начин на спрове-дување -ресурси | Следење | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Очекувани резултати | Одговорно лице | √ x | Потребен буџет |
| Идентификација на потребата од физичко обезбедување со ограда на опфатот на училишниот двор | Проучување на Упатството за спроведување на задолжителни мерки и активности во основните училишта за заштита на физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените бр.12-3466/1 од 22.03.2023 г. од Министерот за образование и наука | Септември 2025 | Директорот<br>Училишниот одбор<br>Градоначалник | Јавна набавка | Подобрување на физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените. | Директорот | x | |
| Изготвување на спецификација со потребни материјали и активности | Да се извршат мерења и истражување на пазарот за реализација на проектот | Август - Октомври 2025 година | Лицето за јавни набавки | Истражување на пазар | Подготвена документација за спроведување на постапка за јавна набавка | Лицето за јавни набавки | x | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реализација на јавната набавка | Да се постави (монтира) ограда за физичко обезбедување на училишниот двор | Во текот на  учебната 2025/2026 година | Избраниот економски оператор | Договор (рамковна спогодба) за јавна набавка | Физичко обезбедување со ограда на опфатот на училишниот двор во рамките на спроведување на задолжителни мерки и активности во основните училишта за заштита на физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените бр.12-3466/1 од 22.03.2023 г. од Министерот за образование и наука | Директорот | √ | 300 000,00 |

## 7.1 План за евалуација на акциските планови

За следење и навремено реализирање на приоритетните цели одговорните тимови за следење ќе организирааат:
- состаноци, средби на кои ќе се разговара за организација и критериумите за успех
- ќе се врши анализирање на состојбите
- ќе се утврдуваат потребните ресурси
- неформални дискусии
- формални разговори и утврдување на напредок
- доцнење, одложување на реализацијата и причините
- почитување на роковите.

**Одговорен за следење**
Директор; стручни соработници; одговорни наставници на стручни активи.

Директорот на училиштето ја следи општата состојба на училиштето од акциските планови и добива информации од стручната служба, училишните тимови, наставници, ученици.

## 8. Програми и организација на работата во основното училиште

Организацијата и реализацијата на воспитно-образовната работа е во согласност со календарот за организација на учебната година, објавен од МОН

### 8.1 Календар за организација на работата на основното училиште

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно-образовна дејност и ученички одмор во учебната 2025/2026 година.
Учебната година започнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 31 август 2026 година. Наставната година започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 10 јуни 2026 година.
Наставната година ја сочинуваат 2 полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 30 декември 2025 година. Второто полугодие започнува на 20 јануари 2026 година и завршува на 10 јуни 2026 година.
Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2025 година и завршува на 19 јануари 2026 година. За време на зимскиот распуст вработените во училиштето од 2 јануари 2026 година до 10 јануари 2026 година користат платени неработни денови. Летниот одмор започнува на 11 јуни 2026 година и завршува на 31 август 2026 година.
Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.
Во текот на учебната 2025-2026 година наставата се остварува во 180 наставни денови.
На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации и тој ден е наставен ден кога се изведуваат посебни програми за манифестациите.

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии и денит на училиштето се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

01 Септември (понеделник), Почеток на учебната година
08 Септември (понеделник), Ден на независноста

**21**

| СЕПТЕМВРИ 2025 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| По | В | С | Ч | Пе | Са | Н |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 29 | 30 | | | | | |

11 Октомври (сабота), Ден на народното востание
23 Октомври (четврток), Ден на Македонската Револуционерна Борба

**22**

| ОКТОМВРИ 2025 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| По | В | С | Ч | Пе | Са | Н |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | |

**20**

| НОЕМВРИ 2025 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| По | В | С | Ч | Пе | Са | Н |
| | | | | | 1 | 2 |
| 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |

08 Декември (понеделник), “Св. Климент Охридски”
31 Декември (среда), крај на I полугодие

**21**

| ДЕКЕМВРИ 2025 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| По | В | С | Ч | Пе | Са | Н |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 29 | 30 | 31 | | | | |
| | | | | | | |

01 Јануари (четврток), Н. година
06 Јануари (вторник), Бадник
07 Јануари (среда), Божик
19 Јануари (понеделник), Богојавление-Водици
20 Јануари (вторник) - II п.

**9**

| ЈАНУАРИ 2026 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| По | В | С | Ч | Пе | Са | Н |
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | |

**20**

| ФЕВРУАРИ 2026 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| По | В | С | Ч | Пе | Са | Н |
| | | | | | | 1 |
| 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | |

| МАРТ 2026 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| По | В | С | Ч | Пе | Са | Н |
| | | | | | | 1 |
| 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |
| 30 | 31 | | | | | |

20 Март (петок), Рамазан Бајрам

**21**

| АПРИЛ 2026 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| По | В | С | Ч | Пе | Са | Н |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| 27 | 28 | 29 | 30 | | | |

10 Април (петок), Велики Петок
12 Април (недела), Велигден
13 Април (понеделник), втор ден Велигден

**20**

| МАЈ 2026 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| По | В | С | Ч | Пе | Са | Н |
| | | | | 1 | 2 | 3 |
| 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |

01 Мај (петок),Ден на Трудот
24 Мај (недела), „Св. Кирил и Методиј“ - 25 мај (понеделник)-неработен ден
29 Мај (петок), петок пред Духовден

**18**

| ЈУНИ 2026 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| По | В | С | Ч | Пе | Са | Н |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 29 | 30 | | | | | |
| | | | | | | |

10 Јуни (вторник), Завршување на учебната година

**8**

| ЈУЛИ 2026 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| По | В | С | Ч | Пе | Са | Н |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | |

**00**

| АВГУСТ 2026 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| По | В | С | Ч | Пе | Са | Н |
| | | | | | 1 | 2 |
| 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |
| 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |

02 Август (недела), Илинден – 3 август (понеделник) неработен ден
28 Август (петок), Голема Богородица

**00**

Прво полугодие – 84
Второ полугодие – 96

**ВКУПНО: 180**

понеделници 34
вторници 39
среди 38
четвртоци 36
петоци 33

## 8.2 Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

Вкупниот број на ученици запишани за учебната 2025/2026 год. изнесува 335 ученици од кои од прво до трето одделение 103, од четврто до шесто одделение 109 и 123 од седмо до деветто одделение.

Наставата ќе биде организирана во 32 паралелки од кои 8 комбинирани и 2 чисти паралелки со учениците од I – V одделение во подрачните училишта, 10 чисти паралелки од I – V одделение во централното училиште и 12 паралелки во предметна настава и исто толку класни раководители.

Воспитно – образовната работа ќе ја реализираат 46 наставници (22 наставници во одделенија од I од V одделение и 24 наставници по предметна настава од VI до IX одделение), 3 стручни соработници - педагог, психолог, библиотекар, помошник директор со 50% настава и директор на училиштето.

Распоредот на часови ќе се изготви на крајот од месец август и истиот че биде прилог на Годишната програма.

## 8.3 Работа во смени

Училиштето работи само во една смена

## 8.4 Јазик на кој се изведува наставата

Наставата во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар се изведува на **македонски јазик**.

| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 32 | / | / | / | / |
| Број на ученици | 335 | / | / | / | / |
| Број на наставници | 46 | / | / | / | / |

## 8.5 Проширена програма

Согласно член 40 од Законот за основно образование доколку има потреба училиштето ќе организира опфат и заштита на децата еден час пред започнување на часовите за редовна настава и еден час по завршувањето на редовната настава.

За таа цел во почетокот на учебната година училиштето ќе ги информира родителите по однос на нивната заинтересираност и потребата од организирање на ваков вид на програма.

Ќе се предвидат следните активности**:**

- Негување на хигиенски навики
- Негување културни навики
- Разговор со учениците за нивните следни активности во текот на денот.
- Дружба во игровното катче
- Ликовно творење
- Литературно творење

Оваа програма на децата ќе им нуди активности кои се во насока на нивно развивање и унапредување на сознаен, социјален, емоционален и физички план. На овој начин се создаваат услови за перманентно следење на растот и развојот на децата и создавање услови за развивање на нивните креативни потенцијали и енергија.

Исто така кај децата ќе се стимулира и развиваат позитивни навики и вештини, а работејќи на разновидни задачи и активности ќе се зајакнува нивната самодоверба.

Оваа програма ќе им овозможи на учениците:

- да размислуваат критички;
- да умеат да прават избор;
- да умеат сами да ги откриваат и решаваат проблемите;
- да бидат креативни;
- да ја развиваат фантазијата;
- да бидат истрајни и упорни;
- да се радуваат на своите достигања
- да водат грижа за заедницата, за својата земја и човековата околина.

Програмата ќе го почитува и практикува индивидуалниот пристап кон секој ученик во зависност со неговите можности, потреби и афинитети. Просторот и активностите ќе се организираат според развојното ниво на секој ученик, при што учениците ќе ги избираат своите активности низ кои можат да учат со задоволство.

## 8.6 Комбинирани паралелки

Наставата ќе биде реализирана во 8 комбинирани паралелки во подрачните училишта.

## 8.7 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Учениците како прв странски јазик ќе го изучуваат англиски јазик, а како втор странски јазик учениците ќе го изучуваат француски јазик.

## 8.8 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Во учебната 2025/2026 година, наставата по предметот физичко и здравствено образование согласно планот и програмата ќе се реализира тандем настава и часовите ќе ги реализира одделенски наставник заедно со предметен наставник по физичко и здравствено образование. Оваа учебна година тандем настава ќе се реализира во прво, второ, трето, четврто и петто одделение.

Цели и задачи:
- подобрување на квалитетот на часовите по ФЗО
- целосен пристап (дидактичко-методски и техничко-тактички) кон усвојувањето на содржините
- правилен раст и развој на децата
- унапредување на моторичките способности кај учениците
- воведување на здрави навики и навики за занимавање со спортско
- рекреативни активности од најрана возраст
- јакнење на спортскиот дух кај децата и почитување на принципи во игра

Очекувани резултати:
- здрави и правилно развиени ученици
- намален процент на деформитетите на телото кај децата
- насочени ученици кон спортски активности кон кои покажуваат интерес и добри резултати, а со тоа и зголемување на квалитени учесници во спортските клубови и федерации
- развиен позитивен став на учениците кон физичката активност

## 8.9 Изборна настава

Во согласност со Насоките од МОН и БРО за организирање на наставата во учебната 2025/2026 година, како и можностите на училиштето со наставен кадар и изборот на родителите и учениците во месец мај беше направено анкетирање на учениците за изучување на изборните предмети и тоа:

- Учениците во IV, V, VI, VII и VIII одделение можат да изберат слободни изборни предмети согласно новата концепција за основно образование
- Во IX одделение учениците избираат еден предмет од листата на понудените изборни предмети: програмирање, техничко образование и вештини на живеење.

Со изборните предмети во основното училиште, на учениците им се нуди можност да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Секоја учебна година на учениците им се нуди да избираат кои изборни предмети ќе ги изучуваат. Изборот на предмети се врши според спроведени анкети односно со согласност на родителите.

## 8.10 Дополнителна настава

Согласно измените и дополненијата на Законот за основно образование и Правилникот за начинот на организирање на дополнителната настава во основните училишта ќе биде организирана за ученици кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати од одредени програми или од одредени теми во рамките на наставните програми од повеќе причини (болест, подолго отсуство и друго). За успешно организирање на дополнителната настава потребно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и поставување на навремена дијагноза за неговите способности и потреби, постигнувања и. т. н.

Според новата концепција за основно образование задолжителниот престој на учениците од I до V одделение во училиштето е 5 часа на ден, од кои околу 3 до 3,5 часа поминуваат на наставни часови, а преостанатото време во други активности. За учениците од сите одделенија/возрасти дел од активностите се неструктурирани, а дел се структурирани и организирани од наставниците или од училиштето во вид на одделенски час, дополнителни или додатни активности поврзани со наставата или вонnаставни активности. Во рамки на времето што учениците го помунуваат во училиште, секој наставник е должен по својот предмет да реализира дополнителна настава за сите ученици кои не успеаваат да постигнат задоволителни резултати за време на редовната настава. За таквите потреби наставниците изготвуваат распоред, почитувајќи го времето кое им одговара на учениците за кои е наменета и јавно го истакнуваат.

Во текот на учебната година наставниците ќе ја реализираат дополнителната настава по однапред изготвени планови и програми кои ќе ги достават најдоцна до 20 септември.

Ученици за кои се организира дополнителна настава се:

- ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет

- покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а особено ако: имаат најмалку две слаби оценки, имаат слаби резултати по одреден наставен предмет,

- отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет и

- ученици со потешкотии во наставата

Наставникот континуирано ќе го следи напредокот на ученикот со цел да констатира дали ученикот ги надминал тешкотиите, ги постигнал очекуваните резултати или има потреба за продолжување на дополнителната настава и за тоа го информира родителот/старателот на ученикот.

За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава одделенскиот, односно предметниот наставник води евиденција и го известува родителот, односно старателот на детето во рок од три дена од констатирањето на потребата..

## 8.11 Додатна настава

Додатната настава се организира за ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати, пројавуваат особена активност и ангажираност по одредени наставни предмети. Додатната настава ја организираат самите наставници во зависност од сопствените согледувања за работата и интересот на учениците. За таа цел наставниците изготвуваат програми за работа како и распоред за додатна настава што ќе биде доставен најдоцна до 20 септември.

Според новата концепција за основно образование голем дел од додатната настава се реализира преку слободните изборни предмети кои служат за продлабочување и проширување на знаењата од задолжителните предмети. За учениците кои се подготвуваат за натпревари, наставникот реализира додатни менторски часови, за чиј распоред исто така се договара со учениците и јавно го истакнува.

## 8.12 Работа со надарени и талентирани ученици

Надарените ученици се значајна категорија која овозможува успешно функционирање на современата, модерна настава. Овие ученици со својот акцелеративен напредок ги мотивираат, иницираат и другите ученици активно да учат и креативно да работат.

Надарените ученици имаат некои заеднички карактеристики, а препознавањето на овие општи насоки и нивното разбирање во училницата е важен чекор кој води кон ефективно работење со оваа група на ученици.

Наставикот кој е модератор на целокупниот наставен процес неопходно е да ги познава и идентификува карактеристиките на надарените ученици како што се:

- ✓ развиена позитивна слика за себе
- ✓ разновидност на интереси
- ✓ поседува многу информации
- ✓ поставува многу прашања и е многу љубопитен
- ✓ лесно запаметува нови информации
- ✓ брзо ја завршува задачата
- ✓ порано го совладува читањето
- ✓ се интересира за многу работи
- ✓ мотивиран е да пробува нови работи
- ✓ ужива во предизвик
- ✓ искажува единствени и оргинални ставови
- ✓ користи високо ниво на размислување (анализи, синтези, вреднувања)
- ✓ развива идеи

Целта на Тимот за работа со надарени ученици е запознавање со карактеристиките на надарените ученици, начин на нивна идентификација и можности за работа со нив во рамките на наставата.

Во откривањето на потенцијалната надареност потребен е интердисциплинарен приод, односно вклучување на лица од различни стручни профили: педагошката служба, наставниците, родителите како и други водители на активностите на учениците во училиштето и надвор од него.

Првата диференцијација во овој процес ќе ја извршат наставниците врз основа на перцепирање и проценување, како и користење на некои постапки за селекција. Тие селектирани групи подоцна ќе се подложат на поопширни дијагностички постапки.

Раното препознавање на знаците на надереното однесување кај децата од страна на родителите е исто така важно затоа што што придонесува да се зголемат можностите за развој на согледаните потенцијали, како и улогата на учениците кои можат да извршат самопроценка или да бидат проценувани од нивните соученици.

Тимот за работа со надарени ученици ќе ги реализира следните активности:

| Р.бр. | Содржина на работа | Цел | Активности | Време | Носител |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Идентификација на надарените ученици – модел во 3 чекори:<br><br>1. Успехот во учењето, постигнувањата на учениците на различни подрачја од уметноста, техниката, спортот, резултати од регионални и државни натпревари и мислењето на наставниците - се основни показатели.<br><br>2. Запознавање на родителите со фактот дека нивното дете е надарено и дека со него ќе биде потребна поголема работа. | - започнување на процесот на идентификација од страна на наставниците врз основа на следење, перцепирање и проценување | - информирање на наставниците, насочување<br><br>- евидентирање на учениците од страна на наставниците | октомври | Наставници од одделенска и предметна настава |
| 2 | Дисеминација на обука на тема „Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици“ | - запознавање со карактеристиките на надарените ученици и начин на нивна идентификација | - дисеминација на новите сознанија и споделување на искуство | октомври ноември | Наставници кои ја посетија обуката |
| 3 | Учество во формирање на концептот за развивање на додатна настава како и за развивање на проширени програми и активности во училишните секции за надарени ученици. | - развивање на активности за работа со надарени ученици | - развивање на проширени програми | во текот на цела учебна година | Ученици<br><br>Наставници<br><br>Педагог |
| 4 | Примена на Прашалник | - согледување на подршката од страна на училиштето | - пополнување на прашалникот | ноември декември | Членовите од Тимот |
| 5 | Советодавна работа со овие ученици и следење на нивните интелектуални постигнувања. | - правилно насочување | - советодавни разговори | во текот на цела учебна година | Ученици |
| 6 | Организирање на работилници од ОЖВ во насока на развивање | - развивање на креативност преку | - организирање на работилници | ноември декември | Тимот и групата на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | на креативноста на учениците | дадени ситуации | | | ученици |
| 7 | Консултативна советодавна работа со родителите на овие ученици | - соработка и поддршка во активностите | - разговори | во текот на цела учебна година | Тимот<br><br>Педагогот |
| 8 | Учество со свои проекти на ученички натпревари | - развивање на тимската работа, следење на учениците во повеќе области | - истражување<br><br>- собирање на материјали | февруари | Тимот и учениците |
| 9 | Презентација на изготвените проекти пред учениците | - социјализација<br><br>- развивање интерес за повеќе области | - презентација<br><br>(вербално изложување, демонстрирање на нова техника, публикација и сл. | април<br><br>мај | Тимот и учениците |
| 10 | Остварување на контакти со релевантни институции вон училиштето за прифаќање и вклучување на надарените ученици. | - вклучување на надарените ученици | - воспоставување контакти со институции релевантни за оваа категорија ученици | во текот на цела учебна година | Стручни лица од релевантни институции |

## 8.13 Работа со ученици со посебни образовни потреби

Инклузивното образование е процес со кој се излегува во пресрет и се одговара на различните потреби на децата, преку зголемување на учеството во учењето, во училиштето и во заедницата. Инклузивното образование подразбира дека сите деца, без оглед на нивните посебности, се вклучени и се прифатени. Тие, без оглед на нивните потенцијали или слабости во некои области, се вклучуваат во редовните одделенија и им се обезбедуваат соодветни услови за учење, напредување и учество во животот на училиштето. Вклучувањето на децата со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем подразбира целосна инклузија во работата и севкупниот живот во нашето училиште.

Училишен **инклузивен тим** за давање поддршка за работа со ученици со посебни потреби во состав: Валентина Димоска директор, Дејан Бошевски психолог,

Жана Јосифоска педагог, Елизабета Василевска родител, Зоран Стевановски родител, Тони Гештаковски одделенски раководител, Милена Најдовска одделенски наставник и Елена Петровска специјален едукатор рехабилитатор вработена во Ресурсен центар Кочо Рацин Битола. Училишниот инклузивен тим е со мандат од три години.

**Инклузивен тим за Леонид Василевски** ученик во трето одделение: Весна Здравеска – одделенски наставник, Александра Шундоски – наставник по ФЗО, Дејан Бошевски - психолог, Жана Јосифоска - педагог, Андријана Котевска – наставник по англиски јазик, Елизабета Василевска – родител, Елена Петровска – специјален едукатор и рехабилитатор во Кочо Рацин Битола и образовниот асистент именуван од ОУРЦ „ Кочо Рацин “ Битола.

**Инклузивен тим за Теодора Вишиноска** ученик во четврто одделение: Милена Најдовска – одделенски наставник, Александра Шундоски – наставник по ФЗО, Маријана Ѓорѓиевска Поповски, Дејан Бошевски - психолог, Жана Јосифоска - педагог, Билјана Вишиноска – родител, Елена Петровска – специјален едукатор и рехабилитатор во Кочо Рацин Битола и образовниот асистент именуван од ОУРЦ „ Кочо Рацин “ Битола.

Програмите за работа со ученици со посебни образовни потреби се додадени како прилози на Годишната програма.

| АКТИВНОСТИ | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|
| Запознавање на наставниците со учениците со попречености | Септември<br>Октомври | |
| Помош и поддршка на наставниците при работа со овие деца од емоционален и социјален аспект | Во текот на учебната година | Наставници<br>Педагог<br>Стручни лица од завод за ментално здравје<br>Центар за социјална работа |
| Следење на постигнувањата на учениците на крајот на класификационите периоди | По секое тромесечие | |
| Советодавна работа со овие ученици и нивните<br>Родители | Во текот на целата учебна година | Родители<br>Ученици |

## 8.14 Туторска поддршка на учениците

Согласно ЗОО Министерството за образование и наука обезбедува дополнителна поддршка за ученици, по предмети кои се дел од наставниот план во учебната година за ученици, по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот. Оваа дополнителната поддршка ја реализираат тутори-волонтери, согласно со Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, која ја утврдува министерот.

Во нашето училиште нема ученици кои имаат туторска подршка.

## 8.15 План за образовен медијатор

Образовниот медијатор презема активности за:
- подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштата;
- спроведување на редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во училиштето со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието;
- редовна соработка со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците;
- преземање на активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците.

Во нашето училиште нема образовен медијатор.

## 9. Вonнаставни активности

За развивање на различните интереси на учениците, во основното училиште ќе се организираат воннаставни активности согласно Концепцијата за воннаставни активности која на предлог на Бирото, ја утврдува министерот. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно. За учеството во воннаставните активности ќе се води евиденција во дневникот на паралелката и на крајот на учебната година на ученикот му се издава додаток на свидетелство, во кое се наведува учеството во воннаставните активности. Училиштето при организирањето на воннаставните активности води сметка за заштита од дискриминација по било кој основ, како и за примената на афирмативните мерки за вклучување на сите ученици.

**Воннаставните активности опфаќаа:**

1) Секции/ клубови

2) Акции

3) Еднократни работилници

4) Излети и екскурзии

5) Ученико организирање

Видовите воннаставни активности се разликуваат според должината на времетраењето. Па според тоа тие се категоризирани како:

А) краткотрајни воннаставни активности

- излети и екскурзии
- еднократни работилници
- акции во училиштето или во заедницата

Б) подолготрајни воннаставни активности

- секции/клубови

## 9.1 Училишни спортски клубови

Во учебната 2024-2025 година, во ООУ,, Гоце Делчев" Демир Хисар, се формира училишниот спортски клуб ЖЕЛЕЗНИК СПОРТ Демир Хисар. Во Училишен спортски клуб ЖЕЛЕЗНИК СПОРТ Демир Хисар членуваат ученици, наставници во училиштето, родители на учениците и други љубители на спортот, кои делуваат на остварување на целите и задачите во областа на спортот и спортските активности, во согласност со уставот на Република Северна Македонија, законот за здруженија и фондации и законот за спорт..

УСК ЖЕЛЕЗНИК СПОРТ Демир Хисар од областа на спортот е формирано за остварување на заеднички јавен интерес за организирано бавење со спорт и спортски активности на учениците во ООУ "Гоце Делчев" Демир Хисар. Како посебни цели и задачи на УСК се утврдуваат :

- Поттикнување, омасовување и развој на спортот и спортско рекреативните активности во училиштето,
- Развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи,
- Води грижа за одржување при користење на објектите за спорт,
- Се грижи за здравствената заштита на спортистите-членови на клубот,
- Го стимулира развојот на секциите и спортски школи во рамките на клубот,
- Стручно усовршување на своето членство,
- Покренува иницијативи за уредување на одделни прашања од делокругот на својата работа преку правила,прописи, договори и сл.,
- Соработува со другите спортски организации, секции и клубови,
- Пропаганда и афирмација на спортот во училиштето, општината и пошироко.

Сето тоа ќе се одвива преку еден организиран систем на натпревари од страна на училиштето, преку спортските клубови, а се со цел дружење на учениците, но незапоставувајќи ја и натпреварувачката компонента. Исто така, предвидено е и организирање на Општинските натпревари, а во договор со другите основни училишта, кои функционираат во рамките на нашата Општина и Регионални натпревари кои ги организира ФУСМАК.

Со самото формирање на Спортскиот клуб, произлегува и потреба од негово финансирање и организирање на превоз за учество на натпреварите кои ќе се организираат надвор од Општината.

Тоа се планира да биде реализирано преку:

- ✓ членарини
- ✓ донации и спонзорства
- ✓ Локалната самоуправа

## 9.2 Секции/клубови

Секциите се мост преку кој учениците со различни интереси имаат можност и простор за меѓусебни, секојдневни средби, спонтана, слободна комуникација, соработка, помагање, меѓусебно учење, дружење.

Знаејќи дека во редовниот наставен процес секогаш недостасува простор за игровни, истражувачки активности и проекти, а во насока на надминувањето на оваа состојба во нашите училници, слободните ученички активности се одличен избор и форма за организирање на богати, мотивирачки, креативни игровни активности преку кои што лесно ќе може да се придобијат сите ученици, но и континуирано ќе се поттикнува нивната мотивација за истите. Учениците се најважните партнери и поддржувачи на овие активности. Особено се внимава на односот кон учениците како рамноправен субјект во обликувањето и креирањето како на редовниот наставен процес, така и на воннаставните содржини. При осмислувањето на овие воннаставни содржини, неопходно е да се почитуваат предзнаењата, желбите, интересите, способностите на учениците.

Преку **секциите** ќе се реализираат следните задачи:

- ✓ Поттикнување и негување на детската љубопитност, сознајните способности и креативноста;
- ✓ Учениците да ги воочат односите во природата и општествтото и да се стремат во откривање на нови законитости;
- ✓ Да се оспособат за критичко мислење, јвно изнесување на своите и почитување на мислењата и ставовите на другите;
- ✓ Формирање на навики за правилно и организирано користење на слободното време за спортување, рекреација и забава и
- ✓ Да се здобијат со основни навики за правилен однос кон природните богатства за заштита и унапредување на животната средина.

Во согласност со желбите на учениците и условите за работа на училиштето во оваа учебна година во предметна настава ќе работаат повеќе слободни ученички активности.

- Секции за проширување на знаењата по одделни наставни предмети
  - Литературно-рецитаторска секција
  - Драмска секција
  - Новинарска секција
  - Млади биолози
  - Еколошка секција
  - Клуб за кодирање
- ✓ Културно-уметнички секции
  - Ликовна секција
  - Спортски секции
- ✓ Работно-производствени секции
  - Млади архитекти

За учениците од I до V одделение, секциите ќе се организираат во рамките на паралелките. Работата на секциите ќе се одвива по однапред изготвена програма од одделенските наставници, каде се одредени содржините за работа и времето за реализација, а знаењата добиени од работата во секциите ќе бидат презентирани на приредбите и прославите, на натпреварите што училиштето ќе ги организира во рамките на одделението, училиштето и пошироко.

Во предметна настава ќе работат следните слободни ученички активности:

1. Литературно рецитаторска – Маја Велеска
2. Драмска секција – Љубомир Прчков
3. Новинарска секција – Емилија Ристевска
4. Спортски секции – Стефан Гроздановски и Роберто Радески
5. Ликовна секција – Дијана Колонџовска
6. Млади биолози – Билјана Блажевска
7. Клуб за кодирање – Гордана Бојчевска и Игор Илијовски
8. Млади архитекти – Снешка Шулевска
9. Еколошка секција – Тони Гештаковски
10. Библиотекарска секција – Билјана Соколовска

Во секоја паралелка од одделенска настава ќе работи по една секција од слободните – културно уметнички активности.

Содржинското осмислување и планирање на слободните активности ќе го извршат учениците заедно со одговорниот наставник.

Во рамките на слободните ученички активности ќе работи и училишен хор и оркестар со предметниот наставник Билјана Митревска.

Во согласност со Концепцијата за граѓанско образование учениците преку ученичките тела во соработка со одговорните наставници ќе организираат промоција на секциите пред сите ученици од одделенијата за кои се наменети и ќе иницираат активности во насока на градење на позитивен став спрема училиштето, развивање на животните вештини и самодовербата кај учениците.

*Акциски план за клуб за кодирање со Micro:bit*

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Фокус | Примена на критичкото размислување во наставата и употреба на Micro:bit во наставните предмети според препораките на Британскиот совет | | | | |
| Зошто | - Да се оспособат учениците за критичко размислување<br>- Да се развие иновативноста кај учениците<br>- Да се развие креативноста и имагинацијата<br>- Да се развие дигиталната писменост, ученичко водство и личен развој | | | | |
| Сегашната ситуација | - Во училиштето има клима за прифаќање на промените<br>- Училиштето располага со кадар кој што ќе биде способен за да го имплементира овој проект<br>- Училиштето располага во најголема мера со потребните ресурси за реализација на проектот | | | | |
| **Што** треба да се промени? (Наведете го проблемот со којшто треба да се справите.) | **Како?** Потребно(и) дејство(а) за да се справите проблемот | **Кој** ќе биде одговорен за дејството? | **Кога?** Времен-ска рамка - почеток и крај | Ресурси – Што ви е потребно? | Како ќе знаете дека сте успеале? |
| Да се прошири креираниот клуб за кодирање | Вклучување на поголем број на заинтересирани ученици од VI до IX одд. | Гордана Бојчевска, наставник по информатика, | Септем. Јуни (учебна 2025/26) | ИТ опрема (компјутери интернет, проектор, потребен софтвер) Micro:bit Материјали од Британски совет | Кога учениците ќе покажат мотивираност и желба за учество во проектот, а со тоа и ќе ја прикажат својата креативност и инвентивност за креирање на некој конкретен практичен проект со употреба на Micro:bit |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Интердисципли-нарен проект | Со тековни предлози од наставниот кадар и учениците во училиштето, ќе се избере проект на кој ќе се работи | Нашку Стојчевски, Валентина Решњак | Септем. Јуни (учебна 2025/26) | - ИТ опрема (компјутери интернет, проектор, потребен софтвер) Micro:bit Материјали од Британски совет | Кога проектот ќе биде реализиран во целост (ќе добиеме одобрение за успешноста на проектот од страна на менторот) |
| Реализација на часови со употреба на Micro:bit | Планирање на активности со примена на Micro:bit во наставните предмети | Нашку Стојчевски Гордана Бојчевска Валентина Решњак и наставник по информатика | Септем. Јуни (учебна 2025/26) | - ИТ опрема (компјутери интернет проектор, потребен софтвер) Micro:bit Материјали од Британски совет | Кога часот ќе биде успешно реализиран, учениците активно ќе учествуваат и ќе бидат мотивирани за работа во иднина и за стекнување на нови знаења |

## 9.3 Ученички акции

Ученичките акции претставуваат значаен воспитно-образовен сегмент преку кој учениците се поттикнуваат да развиваат чуство на одговорност, иницијатива, заедништво и активна грижа за училиштето и пошироката заедница. Преку овии акции, се поттикнува практична примена на наученото,меѓусебна соработка и развивање на позитивни вредности кај учениците.

Во нашето училиште во текот на учебната година ќе се организираат разни акции во согласност со програмите на училишните секции и интересите на учениците како и низа активности од еколошки и хуманитарен карактер како и посета на музеи и други културни знаменитости.

Акции ќе се спроведат со цел подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот статус на учениците, развивање чувства за одговорност и солидарност кај учениците, почит кон општтвената сопственост. Тие се краткортајни воннаставни активности кои најчесто се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку денови. Тие можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер, како што се, на пример: различни еколошки акции, хуманитарни акции, продажни базари, волонтерски активности и друг вид општествено корисна работа. Исто така ќе биде организирана акција во естетко уредување на училишните ходници во соработка со ликовната секција.

- одржување на училиштето преку уредување на училниците и кабинетите, ходниците, училишната зграда и училишниот двор
- во локалната средина со учениците ќе се изведат разновидни акции од еколошки карактер (садење цвеќина и дрвца, чистење на училишниот двор, собирање на отпад)
- за укажување на помош на социјално загрозени ученици во училиштето ќе бидат организирани собирни акции во соработка со Црвениот Крст – Демир Хисар (собирање облека, храна или училишен прибор за деца од социјално загрозени семејства)
- организирање на културни акции (подготовка на приредби, училишни свечености и одбележување на значајни датуми)
- креативни акции (уредување на училишни паноа, изложби на ученички творби, изработка на честитки)

Преку вклучувањето на учениците во акциите и друга општествено-корисна работа ќе се настојува кај нив да се допринесе во:

- ✓ Развивање на позитивен однос кон работата како и правилен однос кон работата и работниот човек;
- ✓ Развивање на свест за грижа кон животната средина, училиштето и заедницата,

- ✓ Развивање на работни навики и знења во ракување со алат и приборот за работа;
- ✓ Уредност и навремено извршување на работата;
- ✓ Стекнување на основни знаења за организација на работата;
- ✓ Јакнење на соработката меѓу ученици,наставници и родители,
- ✓ Развивање на љубов кон природните убавини;
- ✓ Развивање на навики за одржување на хигиената во училиштето и неговата околина како и создавање на позитивен однос и почит кон спомениците на културата, историското минато и друго.

Програмата ќе се реализира преку:

| Содржина | Носител | Форма | Време | Цели |
|---|---|---|---|---|
| Одржување и уредување на училишните простории и дворното место | Ученици, наставници, технички персонал | Работни акции во уредување и почистување - естетско уредување | Континуирано во текот на годината | - Формирање на работни навики кај учениците за одржување и грижа за училиштето и училишниот двор |
| Соработка со Општинската Организација на Црвен крст | Директор, стручна служба, наставници, ученици | Предавања, собирни акции. | Во текот на учебната година | - Да се развие и промовира хуманоста кај вработените и учениците |
| Преглед и евиденција на учениците од социјално загрозените семејства<br><br>Одбележување на „Денот на гладта" | Стручни соработници Одд. наставници Одд.раководители | Соработка со релевантни институции (Центар за Социјални работи, Црвениот Крст) | октомври 2025 | - Откривање и грижа за учениците од социјално загрозените семејства<br>- Собирање на парични средства |
| Одржување на цвеќињата во училишните простории и садниците во дворното место | Наставник, ученици одговорени на секцијата „Млади биолози" | -негување, засадување и одржување на цвеќињата | - во текот на годината | - Негување и одговорност према растителниот свет во училиштето и дворното место |
| Одржување и уредување на културно историските споменици | Членовите на етнолошката секција | - уредување на местата пред историските споменици;<br><br>-одржување на историски час по повод Патрониот празник | - април 2026<br><br>- мај 2026 | - Запознавање со минатото на нашиот народ, со важноста на историските настани<br><br>- Запознавање со местата поврзани со историското минато |
| Реализација на Еколошка акција: „Младите за здрава животна средина" | -комисија за организирање на работни акции | - засадување на нови садници во дворното место | - март 2026 | - Подигање на свеста кај учениците за правилно однесување кон природата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Реализација на еколошка акција „ Генералка викенд” | Наставник, ученици одговорени на еколошката секцијата | Работни акции во уредување и почистување во рамките на општината | - мај 2026 | Подигање на свеста кај учениците за правилно однесување кон животната средина. |

На ниво на активи направено е планирање на следните акции кои ќе се реализираат во учебната година:



***Акција: Отворен ден со локалното население преку презентација на истражувачки активности од учениците (април 2026)***

***Тема:***

Презентација на истражувањата

**Носечки содржини :**

1. Меѓусебна соработка на учениците со наставниците, родителите и локалната заедница.

2.Развивање на фантазијата, креативноста, вештини, потенцијали и вредности кај учениците со создавање на истражувачки проекти со помош на наставниците .

3. Промовирање на работата на училиштето преку изработените презентации .

4. Запознавање на локалното население со научните истражувања на учениците преку реализираните проекти.

**Локација: Училишен двор**

**Одговорни наставници:** *Одделенски и предметни наставници*

**Одделенија: Сите ученици од централното и подрачните училишта.**

**Цели** (Носечки знаења, вештини, ставови со кои што ќе се стекнат учениците):

Освен стекнување на вештини, дружење и соработка, учениците ќе ја развијат самодовербата, комуникацијата, соработка и почитување на другите околу себе. Учениците развиваат комуникација, се запознаваат на забавен начин и соработуваат меѓу себе.

Поттикнување на желбата за истражување, уметничко изразување ,изработка на проекти, добивање сознание дека сите истажувања пренесуваат пораки, чувства и мисли преку различни проектни активности.

**Временска рамка: Април** 2026 година

Одговорните наставници го бележат учеството на секој ученик во акцијата, регистрирајќи го на претходно подготвениот список на учесници.

За учениците кои особено се истакнале во реализацијата на целите на акцијата, одговорниот наставник подготвува посебна белешка со мислење кое описно се запишува во додатокот на свидетелството на ученикот.



***Акција: Еколошка акција – по повод светскиот Ден на планетата Земја***

| Еколошка акција – по повод светскиот Ден на планетата Земја | |
|---|---|
| **1.** | **Назив на акцијата:** Поставување на ЕКО пораки на места со отпад и диви депонии во општина Демир Хисар |
| **2.** | **Учесници:** ученици од VI – IX одделрние ( 20 ученици) |
| **3.** | **Одговорен наставник:** наставниците од Стручниот актив од природната група |
| **4.** | **Подрачје, содржини и активности:** Акцијата ќе се одвива најпрво во училиштето, со тоа што ќе се набават материјали ( дрвени табли, боја) за испшување на ЕКО пораки. Пораките предходно ќе бидат осмислени од учениците заедно со одговорните наставници и ќе бидат испишани на таблите. Готовите табли во соработка со локалната управа ќе бидат поставени на места каде има диви депонии и места со отпад во општина Демир Хисар.<br>Паралелно на тоа ќе се работи и на изработување на флаери со параки за зачувување на чиста животната средина, подигање на еколошката свест на населението, позитивните и негативните влијанија на човекот врз животната средина на локално и глобално ниво. Овие флаери учениците ќе ги поделат на месното население во повеќето населени места во општина Демир Хисар. |
| **5.** | **Цели:** Се очекува учесниците да се стекнат со знаењата, вештините и ставовите/вредностите опеределени од следните подрачја од Националните стандарди за основно образование: **Математика и природни науки, Дигитална писменост и Опшество и демократска култура**. Притоа особено ќе се обрне внимание на оние компетенции што се однесуваат на **(1)** секоја индивидуа е одговорна за зачувување на природната средина во непосредното опкружување и пошироко и дека треба да развива еколошка свест и да делува во насока на заштита и одржливост на животната средина, **(2)** природните ресурси на Земјата се ограничени и нивното неодговорно искористување има последици по квалитетот на животот, **(3)** интеракцијата |

| | |
|---|---|
| | меѓу човекот и животната средина и идентификување на позитивните и негативните влијанија на човекот врз животната средина на локално и глобално ниво, **(4)** определување какви информации се потребни да се најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини, и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот, **(5)** личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес. |
| **6.** | **Времетраење и временска рамка:** 8 часа за поготовка и 8 часа за реализација, во текот на третата недела во месец април |
| **7.** | **Следење на учеството:** Активното учество на секој ученик ќе биде вреднувано од страна на соучесниците и одговорните наставници |

Во рамките на стручните активи планирани се акции за кои дополнително ќе биде изготвена програма како што се:

- Посета на археолошки локалитет Хераклеа Битола

- Посета на градската библиотека Петре М. Андреевски

- Акција по повод Денот на европските јазици

- Посета на природно-научен музеј Скопје

**Планирање, организирање и реализација на еднократните работилници**

Согласно својата воспитно-образовна функција училиштето организира работилници кои се општествено значајни и хумани, а во кои активно учество имаат учениците, наставниците, родителите и пошироката заедница.

Еднократните работилници има за цел кај учениците да развие чувство за солидарност и хуманост, љубов и позитивен однос кон работата, чувство за одговорност, навика за одржување на чиста и здрава околина, да создава почит и позитивен однос кон спомениците на културата и историското минато.

Во ООУ „Гоце Делчев“ секоја учебна година е исполнета со многу содржини и настани, кои се организираат по повод значајни празници, патрониот празник, собирни акции, еколошки акции, базари, отворени денови и сл.

1. Пречек и прием на првачиња во новата учебна година ;
2. Одбележување на недела на детето и денот на учителот
3. Одбележување на празникот Нова година
4. Одбележување на 21 Март Ден на еколошката акција на младите
5. Одбележување на верскиот празник Велигден
6. Одбележување на патрониот празник

## 10. Ученичко организирање и учество

За организирано остварување на интересите, учениците се организираат во **заедница на паралелката и ученички парламент**.

Начинот на ученичкото организирање е на начин што од редот на учениците во паралелката по пат на тајно гласање се избираат претседателите на заедницата на паралелката и заменик на претседателот. Изборот се врши секоја година заклучно со последната недела од месец септември во тековната учебна година. Одделенскиот раководител има обврска да ги информира учениците за процедурите за избор и да го спроведе истиот.

Претседателот на заедницата во паралелката:

- ги претставува учениците од заедницата на паралелката во ученичкиот парламент и пред другите органи на училиштето

- организира расправи во одделението за конкретни прашања и проблеми

- присуствува на родителски средби

- соработува со претседателите од другите паралеки

- учствува во работата на ученичкиот парламент

Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците во паралелките. Мандатот на претседателот е една учебна година со право на уште еден мандат. Конститутивната седница на ученичкиот парламент ќе се одржи последната недела од месец септември во тековнат учебна година на датумот определен од директорот на училиштето. Секој претседател на заедница на паралелка може да се кандидира за претседател на ученичкиот парламент со поднесување на мотивационо писмо до директорот на училиштето каде ќе ги изрази своите идеи за застапување на интересите на сите ученици во училиштето. Истиот се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците во паралекките со тајно гласање.

Ученичкиот парламент:

- активно учествува во застапување  и промовирање на правата и интересите на учениците

- го промовира ученичкиот активизам

- обезбедува врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби,

- дава предлози за ученичките екскурзии, воннаставните активности,

- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард

- со свои претставници учествува на Совет на родители и Наставнички совет и УО без прво на глас

- учествува во хуманитарни и еколошки активности и

- врши и други активности согласно Статутот на училиштето

Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредувања на правата на учениците во училиштето. Истиот се избира всо мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение по пат на тајно гласање.

**План на активности на Подмладокот на Црвениот Крст**

Подмладокот на Црвениот крст има своја важност и задачи кое како здравствена и социјална организација во основните училишта треба:

- да ги запознава учениците со целите и задачите на Црвениот крст;

- да ги оспособува учениците за земање активно учество во реализација на различни акции и програми;

- да го подигне нивото на здравствена култура и да ги оспособува учениците да се грижат и да го унапредат своето здравје;

- да развива смисла за меѓусебна помош, солидарност, пријателство како и разбирање меѓу луѓето на национален и интернационален план без оглед на национална и расна припадност;

- организирање на хуманитарни акции

**План на активности на Детската организација**

Во активностите на Детската организација предвидени се активности кои ќе се реализираат согласно Програмата за работа на ДО. Активно учество ќе земат учениците, наставниците, родителите, општината и соработници надвор од училиштето.

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1 Излети, екскурзии и настава во природа

Улогата и педагошката функција на ученичките екскурзии и излети е незаменлива во остварувањето на одделни цели и задачи на училиштето како воспитно-рекреативна и образовна цел. Екскурзии, излети и настава во природа се организираат за проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети. Тие вклучуваат посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење или за спортување, рекреација и дружење. Често се вклучуваат и комбинација од наведените цели.

Со излетите може да се опфатат сите ученици од училиштето, но ексурзиите се организираат за ученици од трето, шесто и деветто одделение. Наставата во природа е облик на воспитно-образовна работа којшто придонесува за реализација на целите во планот и програмата на основното образование и воспитание. За сите излети, екскурзии и настава во природа се изготвува програма за реализација, а ја изготвува стручен тим согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

- Еднодневна екскурзија со учениците од трето одделение;
- Дводневна екскурзија со учениците од шесто оддеелние и
- Тродневна екскурзија со учениците од деветто одделение.

Ученичките излети и екскурзии ќе се организираат по посебна програма што ќе ја изготви стручниот тим формиран со одлука на Училишниот одбор, а во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии.

Задачите на училишните екскурзии ќе се реализираат преку

- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во оштественит живот
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви
- Градење чувство за патриотизам, толеранција
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции
- Социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење

| Планирана активност | Цели | Реализатор | Време на реализација | Методи и постапки за реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Еднодневна екскурзија со учениците од трето одделение | Да се запознаат со природните и историските убавини, дружење, рекреација, развивање на еколошка свест | Наставници и учениците од трето одделение | Април -Мај 2026 | Разговор набљудување | Негување на природните и културните богатства, развивање на еколошка култура, проширување на знаењата на учениците |
| Дводневна екскурзија со улчениците од шесто одделение | Да се запознаат со природните и историските убавини, дружење, рекреација, развивање на еколошка свест | Наставници и учениците од шесто одделение | Април - Мај 2026 | Разговор набљудување | Негување на природните и културните богатства, развивање на еколошка култура, проширување на знаењата на учениците |
| Тродневна екскурзија со улчениците од деветто одделение | Да се запознаат со природните и историските убавини, дружење, рекреација, развивање на еколошка свест | Наставници и учениците од деветто одделение | Април - Мај 2026 | Разговор набљудување | Негување на природните и културните богатства, развивање на еколошка култура, проширување на знаењата на учениците |

Советот на родители се очекува да даде голем придонес во организирањето на екскурзииите и излетите. За таа цел ќе бидат носители, се мисли на прибирање на податоци и избор на најповолен понудувач. Екскурзијата ќе биде организирана доколку во неа учествуваат најмалку 30% од учениците за кои е наменета, а учениците кои нема да учествуваат во екскурзијата ќе бидат вклучени во други облици на воспитно - образовната работа во училиштето.

* Во Прилози на Годишната програма ќе бидат внесени и програмите за организација и реализација на екскурзии и излети (Истите можат да претрпат одредени измени)

Во текот на оваа учебна година се планира да се организира:

- ✓ Есенски излет, за сите учениците во блиската околина до 30 км од Демир Хисар во траење од еден ден;
- ✓ Пролетен излет, за сите учениците во околината до 30 км од Демир Хисар во траење од еден ден;

| **Воспитно-образовни цели** | **Задачи** | **Содржини и активности** | **Раководител на ексурзија наставници и ученици** | **Времетраење** | **Локации за посета и правци за патување** | **Технички организации** | **Начин на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање со непосредната околина; Запознавање на односите во природната, општествената и културната средина | Запознавање на учениците со непосредната околина на градот во кој живеат; Поттикнување на учениците за интерес кон природата, градење еколошки навики;<br><br>Заедничко дружење и развивање на интерес за спортски активности; Запознавање со историското минато и културните знаменитости на нашата татковина | Интервју со стручно лице; Разгледување и прошетка; Физички активности за време на излетот, мал фудбал, одбојка, тенис. Манастирски комплекс, Спомен обележје Културни и историски знаменитости | Раководител на есенскиот излет Никола Костовски, Раководител на пролетниот излет Аце Јанкуловски наставници од прво деветто одделение и ученици од прво до деветто одделение | Месец септември есенски излет во траење од 1 ден<br><br>Месец април-мај пролетен излет во траење од 1 ден | Во договор со родителите, учениците, наставниците | Избор на најповолна понуда од туристичка агенција; Техничка исправност на планирани возила; Евиденција на ученици кои ќе одат на екскурзија; Одлука за реализација на ексурзијата од директорот Издавање на одобрување за изведување на екскурзијата од страна на директорот; Извештај од реализираниот излет | Самофинансирање на родителите |

## 11.2 Податоци за учениците од училиштето вклучени во вонучилишни активности

Вонучилишните активности ќе се реализираат преку училишни секции, клубови, екскурзии, натпревари и други активности кои се надвор од наставната програма како и активности на ученичката организација. Вклучени ученици во вонанставните активности се ученици од прво до деветто одделение.

## 12. Натпревари за учениците

Ученичките натпревари влијаат на зголемувањето на интересот на учениците кон слободните ученички активности, придонесуваат да се развие натпреварувачкиот дух како и продлабочување и збогатување на знаењата.

Со цел успешно да се реализираат ученичките натпреварите на ниво на стручни активи ќе биде изготвен Календар за организирање на истите во кој ќе биде дефинирана и временска рамка.

На регионалните натпревари ќе се учествува по сите предмети и воспитно-образовни области по кои ќе бидат организирани, а на републички натпревари по предметите и другите воспитно-образовни подрачја по кои учениците ќе се стекнат со право за учество.

| **Планирана активност** | **Време** | **Реализатор** | **Очекувани цели** |
|---|---|---|---|
| Планирање на реализацијата на училишните натпревари | Септември | Одговорни наставници | Успешна реализација на натпреварите |
| Изготвување на Календар за реализација на натпреварите | Октомври | Одделенски и предметни наставници | Транспарентност и навременост во информирањето |
| Непосредно информирање за одржување на натпреварите | Ноември-декември | Директор | Навремено информирање и транспарентност со цел побројно учество |
| Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг (општински, регионални, државни | Во текот на второто полугодие | Наставници кои ќе учествуваат на натпреварите | Редовност во извршувањето на подготовките за подобра подготвеност на учениците на постојните натпревари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Спроведување на натпревари од повисок ранг | Во текот на второто полугодие | Организаторите на натпреварите и наставници | Учество и афирмација на учениците учесници |
| Анализа на резултатите од одржаните натпревари | Јуни | Одговорен наставник<br><br>Стручна служба | Согледување на успешноста од пласманот на учениците |
| Промоција на постигнатите резултати и доделување на дипломи за освоени места | Мај | Раководен тим<br><br>Предметни наставници | Поголема мотивација за постигнување на уште подобри резултати |
| Презентација на извештајот од одржани натпревари и евиденција во регистер на натпревари. | Јуни | Наставници, стручна служба | Евалуација на постигнатиот успех |

## 13. Унапредување на мултикултурализмот / интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Етничката и религиската разнообразност условува потреба од изградба на личности кои се чувствуваат припадници на својата заедница и како такви ги практикуваат правата и одговорностите што таа ги поставува. Меѓуетничката интеграција во образованието ќе придонесе за одржлива интеретничка интеграција во училиштата, а во фокусот на проектните активности ќе бидат учениците, родителите, наставниците, администрацијата и членовите на училишните одбори.

Преку активностите, планирано е учениците да се оспособуваат да ги откриваат и почитуваат човековите права и демократски вредности независно од етничката припадност, јазикот полот, бојата, верата; да умеат да ја почитуваат и развиваат сопствената култура и да ги прифаќаат вредностите на другите култури; да придонесуваат за надминување на дискриминација, стереотипни размислувања и предрасуди. Активностите ќе се реализираат со примена на училишни методи и техники за поттикнување на продлабочено учење и меѓусебна соработка.

Нивната реализација ќе придонесе во создавање демократска училишна клима во паралелката, училиштето и пошироката средина. Истовремено, учениците треба да сфатат како треба да се живее во заедница во која постојат културни разлики помеѓу нејзините членови, да се навикнуваа да ги надминуваат меѓусебните

недоразбирања со толеранција и почит, а со тоа и да го спречуваат создавањето на конфликтите.

Преку активностите, ученикот ќе се оспособува да ги открива и почитува човековите права и демократски вредности независно од етничката припадност, јазикот полот, бојата, верата; да умее да ја почитува и развива сопствената култура и да ги прифаќа вредностите на другите култури; да придонесува за сузбивање на дискриминација, стереотипни размислувања и предрасуди.

Низ истражувачките активности учениците треба да го изнесуваат своето мислење, да се воспитуваат за соработка и солидарност со другите. Важна цел на наставата не е само да се учи, туку и да се воспитува за добро однесување кон себе и кон другите и да поттикнува кај учениците заедничко меѓусебно комуницирање.

Проектните активности ќе се реализираат со примена на училишни методи и техники за поттикнување на продлабочено учење и меѓусебна соработка. Во таа насока нашето училиште во минатата учебна година потпиша Меморандум за соработка со партнер училиштето ООУ „Даме Груев“ с.Смилево.

За успешна реализација и следење на активностите за **меѓуетничка интеграција се формира Тим за училишна интеграција во состав**: Валентина Димоска директор на училиштето, Андријана Котевска, Анита Николовска Ивановска, Николче Стојковски, претседателот на ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител. Тимот за училишна интеграција се формира за период од три години и истиот потребно е да изработи план за активности кои ќе бидат во насока на унапредување на интеркултурализмот и унапредување на меѓуетничката интеграција.

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Реализраните проекти во училиштето во изминатиот период придонесоа да се зголеми квалитетот на работата на училиштето, подобрени условите за изведување настава и заштеда на топлотна енергија, подобрување на начинот на оценување, реконструкција на фасадата и замена на внатрешна и надворешна столарија со што училиштето доби нов лик, а условите за работа се значително подобрени. Како дел од проектот на Агенцијата за млади и спорт, изградено е повеќенаменското игралиште во кругот на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар кое создава услови за спортување и рекреација во повеќе спортски дисциплини: мал фудбал, кошарка, ракомет...

Оваа учебна година училиштето ќе продолжи да дава подршка во реализацијата на проектите како што се:

- Проект за меѓуетничка интеграција во образованието. Во училиштето ќе се реализираат активности кои ќе бидат во насока на поддржување на партнерски односи меѓу учениците, наставниците и родителите.
- Поддршка на реализација на содржините од образование за **животни вештини** чија цел е преку примена на методи на работа како дискусија со цела група, работни групи, анализи на ситуации, кај учениците да се развива: свест за себе, комуникациски вештини, вештини за донесување одлуки, креативно мислење, справување со емоции, емпатичност, интерперсонални вештини вештини за решавање проблеми, критичко мислење и справување со стрес

**Еко програмата** ќе продолжи со реализација и оваа учебна година преку интегрирани содржини чија цел е:

- ✓ Развивање на еколошката свест и промена на навиките;
- ✓ Формирање на еко патроли;
- ✓ Заштеда на енергијата;
- ✓ Рационална употреба на водата;
- ✓ Намалување на отпадот.

**Имплементирање на новите алатки** по математика во почетните одделенија во функција на унапредување на воспитно образовната работа и внесување на иновативни промени во работата со учениците и продолжување со сертификација на наставниците

**Имплементирање на новите техники на учење** во наставата по македонски јазик преку програмата Јазична писменот во почетните одделенија.

**Имплементирање на новата концепција за граѓанско образование** чија цел е јакнење на демократската партиципација на учениците во училиштето /стратешка цел како и организирано остварување на интересите на учениците преку ученичките тела и јакнењена нивната иницијативност за преземање активности за позитивни промени во училиштето

**Имплементирање на новата концепција за вонnаставни активности** во насока за создавање на основните предулсови ученикот да се развие во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност.

**ИКТ во наставата** е од големо значење за наставата при што секој наставник е должен да има испланирано користење на ИКТ технологија во годишното и тематското планирање бидејќи интернетот ги надополнува изворите и материјалите достапни за наставниците и учениците и ја намалува зависноста од времето и просторот што се ограничувачки фактори во училиштата. Тој ќе им нуди моќни и разновидни начини на учениците и наставниците во процесот на учење, ќе се изнаоѓаат најразлични податоци и можности за истражување.

Преку ИКТ технологијата и нејзината примена во наставата ќе ги направи подостапни дополнителните извори на информации, ќе ја зголеми динамичната комуникација и ќе ја олесни соработката намалувајќи ја потребата на соработниците да бидат на исто место во исто време. Со користењето на ИКТ во наставата се вклучува работа во групи при што учениците заеднички ќе работат на истражувачки проекти. Од друга страна, пребарувањето на веб-страниците кај учениците ќе вклучи критичко размислување преку прибирање податоци од веб страниците и нивна анализа со цел доаѓање до заклучоци или одговарање на прашања.

Продолжува процесот на јакнење на вештините за критичко размислување и решавање проблеми преку реализација на „Училишта на 21 век“ во организација ан МОН, БРО, подржано од Британскиот совет. Целта е да се зајакнат вештините на критичко размислување и решавање проблеми како и подобрување на дигиталните вештини на учениците со стекнување знаење за кодирање со користење на уредите за кодирање Микро бит.

Во учебната 2025/2026 година ќе се реализираат активности и експерименти од областа на искуственото учење за заштита на животната средина и климатски промени /експерименти од темите Биодиверзитет, Екосистеми, Загадување, Одржлив развој и Климатски промени/од „Искуствено учење и интеграција на концепти од природните науки, животната средина и климатските промени во образовниот систем“ во рамките на проектот „Охрабрување на децата и младите во Македонија со цел да станат двигатели на промените за намалување на ранливоста на заедниците од климатските промени“, спроведуван од УНИЦЕФ, со финансиска поддршка на Шведска.

Оваа учебна година ќе продолжи процесот на имплементирање на новостекнатите сознанија од новите обуки во организација на МОН и БРО. На ниво на стручни активи ќе се реализира трансфер на знаењата – дисеминација на знаењата од страна на наставниците кои претходно беа учесници на овие обуки. Целта е јакнење на компетанциите на наставниците за примена на иновативни техники во наставата, активно учење во наставата, инклузија во училиштето, дизајнирање на објективни тестови на знаења, форми и методи на работа со надарени и талентирани ученици, активни стручни активи и менторирање.

Воспитно – образовниот систем е во процес на континуирано реформирање и потрага по современи и квалитетни решенија кои мора да соодвествуваат на новите ситуации, потреби и барања.

Сите овие проекти е обврска училиштето да продолжи и понатаму да работи со уште поголема одговорност кон новите генерации во областа на воспитанието и образованието, вклучувајќи се во модернизирањето на наставата, методиет на презентирање како и практицирање на знаењето.

## 15. Поддршка на учениците

### 15.1 Постигнување на учениците

Современата и квалитетна настава е еден од главните фактори кои влијаат на подобрување на постигањата на учениците. Во нашето училиште тоа се постигнува со воведување на нови, современи методи и техники на учење, меѓусебна комуникација, активно учество на учениците во наставата, изготвување на разни проекти, самооценување и в заемно оценување, бележење на постигањата во соодветни листи, вклучување на надворешни лица кои во рамките на својата дејност придонесуваат за подобрување на квалитетот и квантитетот на знаењата и постигнувањата на учениците.

Развојот на информатичката индустрија, а особено компјутерската технологија ја наметна потребата за промоција на информатичката писменост, односно поголема употреба на компјутерот во наставниот процес. Оспособувањето на учениците за користење на информатичката технологија значи и доближување до високите стандарди во образованието што ќе придонесе за развој на слободата, знаењето, иновациите и креативноста како темел на општеството. Постигањата на учениците редовно се следат преку изготвување на анализи и извештаи со споредбени показатели кои се презентираат на Наставнички совет на училиштето.

Подеднакво се работи на подобрување на успехот и со оние ученици кои имаат потешкотии во учењето и со надарените ученици. Со добро организирана стратегија и план за работа на сите ученици им се овозможува успешно да го завршат своето основно образование.

Родителите редовно се информирани за напредокот и постигнувањата на нивните деца и се во постојан контакт со наставниците.

Наставниците редовно ги следат и бележат постигнувањето и напредувањето на учениците. При оценувањето се зема во предвид и нивното мислење за личните достигнувања, а пофалбата се користи како начин за мотивирање.

Како резултат на претходно реализираните обуки посветени на процесот на оценување на учениците, училиштето има добро развиен систем за праведно оценување на постигањата на учениците.




*График 1: Среден успех на училиштето на крајот од претходните учебни години*

Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците, родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби се повикуваат на советување кај психологот на училиштето како и самите ученици. Покрај непосредно, учениците и индиректно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да го совладаат наставниот материјал. Исто така, редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа.

За учениците од прво до деветто одделение кои посетуваат настава во Основното училиште, а чие место на живеење е одалечено повеќе од 2 км е организиран бесплатен превоз.

Обезбедениот превоз на учениците допринесува во редовноста на посетувањето на наставата.

## 15.2 Професионална ориентација на учениците

Целта на професионалната ориентација е да им се помогне на учениците да се одлучат да го продолжат своето школување и да се насочат кон занимања, кои најмногу би им одговарале на нивните психофизички особини и способности и во кое занимање ќе имаат најмногу изгледи за добра прилагоденост. Професионалната риентација е континуиран процес кој се остварува низ воспитно образовната работа во семејството, училиштето и средината во која младиот човек се развива и егзистира. Целта на професионалното информирање е ученикот да се запознае со сите релевантни карактеристики и особености на занимањето кое би можел да го избере.

Професионалната информација мора да биде прилагодена со психофизичките способности и да се ограничи на оние занимања за кои би можел ученикот да се оспособи.

Професионалното советување е процес со кој се дејствува врз формирањето на личноста на ученикот и не се применува во краток временски период, туку континуирано низ целото основно образование, со особено акцентирање во осмото одделение. При тоа мора да се види грижа за секој од следниве аспекти: Здравствена состојба; Социјален статус; Психолошки развој; Интелектуален капацитет; Материјална состојба; Заинтересираност на семејството; Ставови на родителот; Ставови на ученикот.

Во текот на учебната година ќе бидат спроведени повеќе активности за професионална ориентација и за кариерен развој на ученици, и овие активности ќе вклучуваат работилници, презентации, средби со релевантни фактори од заедницата и слично. Исто така ќе се следат активностите за професионална ориентација кои се реализираат на наставните часови.

Во текот на учебната година учениците ќе бидат информирани со Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за следната учебната година во распишан од МОН. Со него е утврдена можноста за запишување ученици според наставните планови и програми за: гимназиско образование, стручно образование (техничко образование - четиригодишно траење, стручно образование за занимање – тригодишно траење и двегодишно траење), средно уметничко образование и средно образование за ученици со посебни образовни потреби.

Исто така поголем број на средни училишта ќе ги презентираат условите и можностите за запишување во истите.

Учениците од деветто дделение ќе направат посета на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар со цел запознавање со просторните услови и со насоките на кои истите ќе можат да се запишат.

Стручната служба ќе ги анкетира учениците од деветто одделение со цел утврдување на нивниот избор и индивидуално ќе ги информира учениците и родителите со условите, критериумите и можностите за запишување.

**Тим за професионална ориентација:**

Психолог: Дејан Бошевски
Педагог: Жана Јосифоска
Одделенските раководители во деветто одделение

**Координатор за реализација на програмата за професионална ориентација на учениците**

Психолог: Дејан Бошевски

## 15.3 Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Обезбедувањето услови за сигурен раст и развој на учениците и заштита од сите видови насилство, злоупотреба и запоставување, разни видови дискриминација и трговија со луѓе е важна алка за училиштето како институција. Токму поради ова, училиштето, треба да работи на процесот на спречување и сузбивање на овие негативни појави и влијанија. За да бидеме успешни во процесот на детектирање и во процесот на превенција на истите треба да имаме крајно внимателен и сериозен пристап. Во нашето училиште се превземаат превентивни мерки преку соодветни превентивни активности во поглед на однесувањето на учениците, здравјето на учениците, безбедноста, згрижeноста, оценувањето и сл. а со цел да се спречат девијантни појави, асоцијално однесување, поголема безбедност во училиштето, да се насочат учениците кон штетните влијанија од болестите на зависност, спречување и сузбивање на феноменот трговија со деца, да се делува навремено во наведените сфери.

**Превентивни програми кои ќе се реализират во оваа учебна година**

*Програма за унапредување на менталното здравје и благосостојбата на учениците*

АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

| Чекори во планот за активности | Вклучени страни во активностите | Потребни ресурси | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| Иницирање на активности за создавање безбедна средина за учениците во која ќе се негува менталното здравје на учениците | Тимот за ментално здравје | Материјали од реализирани обуки | Септември 2025 |
| Подготовка и селектирање на работилници, предавања и други материјали за подобрување на менталното здравје | Психолог, педагог, тим за ментално здравје | Стручна литература, прирачници за ОЖВ, интернет | Во текот на целата година |
| Детектирање на учениците кај кои постои потенцијална потреба за помош за | Психолог, педадог, наставници | / | Во текот на целата година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| подобрување на нивното ментално здравје<br>Рана идентификација и поддршкана ученици со психосоцијални тешкотии | | | |
| Активности за развој на емпатија и решавање на конфликти<br>Цел: Градење култура на емпатија, другарство и меѓусебна поддршка | Тимот за ментално здравје и други наставници | Обуки, семинари | Континуирано во текот на годината |
| Средби и состаноци со институции и поединци кои вршат дејности од областа на менталното здравје | Директор, стручна служба, наставници, Центар за социјални работи, Црвен Крст, здравствени организации | / | Во текот на целата година |
| Индивидуални средби и разговори со родители | Психолог, педагог, директор, наставници, родители | / | Во текот на целата година |
| Индивидуални разговори со ученици кај кои е забележана потреба од разговор со цел подобрување на менталното здравје | Психолог, педагог, директор, наставници, | / | Во текот на целата година |
| Групни средби со родители | Психолог, педагог, директор, наставници, родители | / | Во текот на целата година |
| Одржување на работилници и предавања со учениците за превенција и интервенција во врска со општествено-социјалните проблеми – дрога, алкохол, наркоманија, | Психолог, педагог, директор, наставници, надворешни соработници | Работилници, стручна литература, прирачници за ОЖВ, интернет | Во текот на целата година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| малолетничка деликвенција, врсничко насилство и сите други потенцијални пролеми кои го нарушуваат менталното здравје на учениците | | | |
| Евалуација на ефектите од спроведените активности | Директор, стручна служба, наставници, родители | / | Јуни, 2026 |

За реализација на содржините и активностите поврзани со унапредување на менталното здравје на учениците се формира Тим во состав:

Дејан Бошевски - психолог
Жана Јосифоска - педагог
Билјана Соколовска - библиотекар
Билјана Блажевска – наставник по биологија
Милена Најдовска – одделенски наставник
Училишен лекар и стоматолог од Здравствен дом Демир Хисар.

*Превентивна програма против насилство*

Намалувањето на насилството и создавањето на позитивна училишна клима се основа за создавање на ефективна средина за учење и подучување. Целта на оваа програма е да се спречи насилното однесување во училиштето и да се едуцираат учениците за ненасилно решавање на конфликтите.

| **АКТИВНОСТИ** | **Време на реализација** | **Соработници** |
|---|---|---|
| Идентификација на одредени,потенцијални безбедносни проблеми. | Тековно во учебната година | Ученици, наставници, директор, родители, полиција, служба за заштита на децата |
| Формирање на групи според возраста и организирање на предавања и презентации со следните содржини:<br><br>- Запознавање на учениците со нивните основни права.<br>- Информирање за тоа како да го | Декември<br><br>Април | Ученици<br><br>Стручни соработници |

| | | |
|---|---|---|
| препознаат насилството (физичко или психичко)<br>- Мерки за спречување на насилство.<br>- Толерантност и почитување на меѓуетничките односи кои претставуваат важен фактор за градење на мултиетничко општество | | |
| Едукативни работилници со учениците на тема „Што е насилство" | Септември<br><br>Февруари | Претседателот на ученичкиот парламент, ученички правобранител и одговорниот наставник<br><br>Стручен соработник |
| Анализа на проблемите и состојбите кај оние ученици кои покажуваат различни облици на насилно однесување | Во текот на учебната година | Ученици, стручен соработник, наставници, директор |
| Индивидуални и групни советодавни разговори со учениците | Во текот на учебната година | Ученици, стручен соработник |

*Превентивна програма против болестите на зависност*

Целта на оваа програма е намалување на злоупотрбата на наркотични средства и едуцирање на учениците преку содржини од сите наставни предмети за штетноста од злоупотребата на овие средства. Преку вклучување во разни активности и проекти учениците ќе градат и преферираат здрави животни стилови.

| **АКТИВНОСТИ** | **Време на реализација** | **Соработници** |
|---|---|---|
| Едукативни предавања со цел:<br><br>- Подигнување на нивото на знаење и свесност на учениците за ризикот и штетното влијание од конзумирање на дрога , алкохол и цигари<br><br>- Спречување на првиот контакт со овие пороци кои предизвикуваат болести на зависност | Ноември – месец на борбата против болестите на зависност | Ученици од VIII и IX одделение<br><br>Стручен соработник |
| Работилници со цел:<br><br>- Да се влијае на однесувањето и | Октомври<br><br>Март | Ученици од VII и VIII одделение<br><br>Наставници |

| | | |
|---|---|---|
| ставовите на групата и<br><br>- Развивање на здрави стилови на живот | | Стручен соработник |
| Презентација за штетното влијание на цигарите врз она што ни е најголемо богатство – здравјето по повод 31-ви Мај – светски ден против пушењето | Мај | Учениците од IX одделение |
| Идентификација на оние ученици кои манифестираат асоцијално однесување | Континуирано, во текот на цела наставна година | Наставници,<br><br>Стручен соработник |
| Индивидуални и групни советодавни разговори со учениците | Во текот на целата наставна година | Наставници,<br><br>Стручен соработник |

## 16. Оценување

Преку оценувањето се добива слика за напредокот на ученикот во одреден период. Информациите за тоа како ученикот учи (процесот на учењето) и за тоа што е она што ученикот го научил (производ на учењето) ја обликуваат сликата. Наставникот ги користи овие информации да го идентификува и да го пофали тековниот напредок во учењето на ученикот и да му даде соодветна поддршка во натамошното учење.

Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето. Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки.
Бројчаните оценки се: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни, освен оценката недоволен (1). Највисока оценка е одличен (5). Оценувањето на ученикот се врши согласно со стандардите за оценување во наставните програми. Оценувањето на ученикот со бројчани оценки се врши и согласно со критериумите за бројчано оценување што ги изготвува Бирото.

**Цели на оценувањето:**

- ✓ обезбедување информации за учениците и нивните родители за напредокот во совладувањето на знаењата, способностите и ставовите;
- ✓ обезбедување поддршка на наставниците да ја модификуваат наставата и образовните програми за учениците;
- ✓ обезбедување информации за другите надлежни структури што донесуваат одлуки за образовната политика која што се однесува на оценувањето.

Училиштето во согласност со ЗОО донесе Правилник за оценување, напредување и полагање испити во кој е дефиниран процесот на оценување по образовни периоди како и начинот на оценување за учениците со попреченост.

Имено во првиот период во текот на учебната година учениците се оценуваат описно, додека на крајот од учебната година добиваат свидетелства со описни оценки.

Во вториот образовен период, во текот на наставната година односно на крајот од првото и третото тримесечие по задолжителните и изборните предмети учениците се оценуваат описно.На крајот на првото полугодие добиваат известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година учениците добиваат свидетелства со бројчани оценки и оценка за општ успех.

Во третиот образовен период на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година, како и на крајот на двете тримесечја, учениците добиваат бројчани оценки.

Согласно со Концепцијата за основно образование, во основното училиште се оценуваат и постигањата на учениците од слободните изборни предмети. Слободните изборни предмети се предмети кои имаат за цел да обезбедат развој на ученикот и да го мотивираат за самостојно учење и за насочување во понатамошното образование. Секој слободен изборен предмет се оценува одделно. За постигањата од слободниот изборен предмет што се реализира само во првото полугодие, ученикот на крајот од првото полугодие добива известување за успехот со бројчана оценка, а истата оценка се запишува и на крајот од годината во свидетелството.

## 16.1 Видови оценување и календар на оценување

*Формативно оценување и сумативно оценување*

Наставниците користат различни методи, техники и инструменти за следење на постигнувањата на учениците при формативното оценување и креирање на сумативната оценка.

Формативното оценување, или како уште се нарекува оценување за учење, се спроведува во текот на учењето и поучувањето, а се однесува на оценувањата што обезбедуваат информации за учениците и за наставниците што се користат за подобрување на наставата. Продуктот на формативното оценување е усна или писмена повратна информација.

Инструментите кои наставниците ги користат за формативни цели се:

- ✓ одговори на прашања поставени од наставникот или од самите ученици,
- ✓ листи за проверка,
- ✓ усни презентации,
- ✓ есеи и писмени извештаи изработени вон часот,
- ✓ проектна работа,
- ✓ домашни задачи,
- ✓ портфолија/досиеја со трудови на учениците,
- ✓ квизови и тестови изготвени од наставникот,
- ✓ тестови за одредени лекции или поглавја што ги обезбедуваат издавачите на учебници

Сумативното оценување, или уште оценување на наученото, се спроведува на крајот од темата, т.е. периодот, а се однесува главно на собирање - интерпретирање на информациите од оценувањето за да се поттикнува наставата и учењето и сумирање на успехот на ученикот во одреден временски период. Продуктот на сумативното оценување е формирана оценка за наученото.

Примери на сумативни оценувања кои се применуваат во училиштето се:

- ✓ писмени испити на крајот на полугодието или на крајот од учебната година,
- ✓ усни одговори на поставени прашања од страна на наставникот,
- ✓ практични изведби,
- ✓ усни презентации,
- ✓ есеи изработени на часот со кои се дава вкупна оценка,
- ✓ демонстрации,
- ✓ портфолија/досиеја со најдобрите трудови,
- ✓ тестови изготвени од наставникот,
- ✓ практични тестови (како на пр. спроведување на некој научен експеримент, завршување на некој производ као што е нацрт или модел),
- ✓ стандардизирани тестови.

Изборот на адекватни методи и инструменти на оценување зависи од целите кои треба да се постигнат по одреден наставен предмет, и од тоа што ќе биде предмет на оценување. Во рамките на стручните активи во училиштето се усогласуваат начините и методите на оценување со соодветните наставни цели.

Имајќи ги во предвид резултатите од разни истражувања според кои учениците постигнуваат подобри резултати доколку се потполно вклучени во процесот на учењето, често се применува заемно оценување и самооценување.

При заемното оценување учениците додека ја оценуваат работата на своите соученици тие можат да си ги разјаснат своите идеи и разбирањето на целите на учењето и критериумите на оценување.

Самооценувањето влијае позитивно на учениците дотолку повеќе што кога ученикот еднаш ќе научи како да го оценува своето моментално знаење и пропустите во него, тој се здобива со појасна идеја за тоа како да си помогне да се подобри.

Во функција на подобрување на оценувањето е и дијагностичкото оценување.

И двата вида на оценување се користат во формативни цели.

Учениците со ПОП согласно измените во Законот за основно образование член 139 (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година) во првиот период постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно. Во вториот и третиот период, постигнувањата на ученикот кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано. Начинот на оценување на учениците со попреченост се прилагодува согласно со нивните потреби.

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и бројчани според три периоди:

Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето. Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и бројчани оценки. На крајот од првото и третото тромесечие добиваат описни оценки, а на крајот од првото полугодие и учебната година добиваат бројчани оценки, се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование. Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со бројчани оценки.

## 16.2 Следење, анализа и поддршка

Во рамките на ова подрачје ќе се организира сопствено, системастко и програмирано следење, унапредување и вреднување на воспитно-образовната работа.

***Следење на наставата***

Непосредното следење на наставата ќе се реализира преку:

- ✓ исполнувањето на обврските на наставниците во поглед на планирањето и подготвувањето на наставата; (ревидирање на наставните планови)
- ✓ преку посета на часови;
- ✓ квалитетот на изготвувањето на глобалните, тематските и дневните планирања;
- ✓ дидактичко-методскиот квалитет на наставните часови;
- ✓ користењето на методите и стандардите на оценување, подобрувањето на употребата на ИКТ во наставата, унапредувањето на наставата по математика и природната група предмети
- ✓ квалитетот на остварувањето на планирањата од редовната, дополнителната, додатната и другите видови настава и друго;

Следењето на наставата како составен дел на воспитно-образовната работа ќе се реализира и преку користење на разновидни техники и тоа: ќе се користат портфолио односно досие на проценка кое ќе служи за евалуирање на учениците на основа на собирање на работите кои што ги изработиле учениците.

Покрај ученичкото досие за следење и проверување на постигањата на учениците ќе се користат и листи за проверка, (чек листи) листи за самопроценка, инвентари на личноста, прашалници, анегдотски белешки (описи), неформални тестови тестови на знаења со кои наставниците ќе можат да го измерат квалитетот и квантитетот на знаење како и техники на критичко мислење кои ќе придонесат во оспособување на учениците за учење по пат на критичко мислење.

Следењето на напредувањето на учениците се следи како од наставниците така и од страна на стручната служба на училиштето и директорот. Учебната година е поделена на четири класификациони периоди, кога се врши разгледување и анализирање на успехот, редовноста и дисциплината на учениците, која се согледува од дневниците кои се водат за секоја паралелка поодделно. Така се собираат податоци кои ја карактеризираат континуираноста на оценувањето, дидактичката разновидност на формите, методите и средствата за оценување, разработеноста на критериумите за оценување и се предлагаат мерки за развој и унапредување на наставниот процес во функција на подобрување на успехот.

Стручната служба на училиштето и директорот постојано го следат начинот на оценување преку редовна посета на часови и делуваат советодавно кај наставниците кај кои ќе забележат одредени недостатоци.

***Следење на воспитно-образовната работа во воннаставните подрачја***

Во рамките на ова подрачје ќе се следи:

- ✓ програмирањето на одделните воннаставни активности и нивното организирање;
- ✓ опфатеноста на учениците;
- ✓ квалитетот на водењето на активностите и постигањата на учениците во рамките на определени слободни и други воспитно-образовни активности;
- ✓ организирањето, изведувањето и резултатите од ученичките натпревари;
- ✓ организирањето и изведувањето на содржините од здравственото воспитување;
- ✓ (следење на здравствената состојба и изготвување на анализа за истата), јавната и културната дејност, производствено и друга општествено-корисна работа;
- ✓ откривање и водење на учениците кои се посебно талентирани во определени подрачја;

## 16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно – образовниот кадар

Имајќи предвид дека квалитетот на наставниците е најважен училиштен фактор за постигањата на учениците, од нив се очекува постојано да ги надградуваат своите професионални компетенции. Во тој контекст се очекува од наставниците/стручните соработници постојано професионално да се развиваат, а од училиштата на систематски начин да ја следат нивната работа и да им обезбедат услови за континуирано стручно усовршување.

Следење и вреднувањето на работата на наставниците се врши во училиштето од страна на директорот, како и од страна на Бирото. Следење и вреднувањето се однесува на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Врз основа на сознанијата од следењето и вреднувањето наставникот добива извештај со повратна информација и насоки за понатамошна работа, што се чува во досието на наставникот. Извештаите од следењето и вреднувањето на

наставниците се користат за унапредување на работата на училиштето и за кариерно напредување на наставниците.
Прв увид во планирањата на наставата ќе се прави по доставувањето на планирањата во училиштето, на почетокот на учебната година. Тој има за цел да провери колку квалитетно наставникот ги подготвува подолгорочните планирања (процесно - развојните планирања) и какви приоди користи во дневните планирања и навремено да му се даде на наставникот поддршка доколку се оцени дека таа му е потребна. Наредните увиди се во реализацијата на наставата во текот на учебната година од страна на директорот и стручните соработници (педагог и психолог). Пред увидот во реализацијата на наставата ќе се одржи средба со наставникот на која тој се информира за целта на увидот.
При следењето на часот, се вреднуваат планирање и подготовка за час, организација, тек и изведба на часот, комуникација со учениците, оценување на учениците, создавање безбедна и стимулативна средина за учење. Наставниците до директорот и стручната служба на училиштето доставуваат обрасци за реализирани воннаставни активности, додатна и дополнителна настава, а до Тимот за развој доставуваат извештај за реализиран личен развоен план. Сите документи се доставуваат во примерок кој се заверува – архивира и се чува во архива. Сознанијата и договорените активности наставникот ги има предвид при планирањето на професионалниот развој за наредната година.

**Унапредување и вреднување на воспитно-образовната работа**

Унапредувањето на наставата ќе биде континуирана и долгорочна задача што ќе се состои во подобрување на квалитетот на наставата преку подобрување на објективноста на оценувањето, давање поддршка во реализацијата на новите наставни програми и примена на нови техники на учење во наставата по македонски јазик.

Исто така со цел зајакнување улогата на стручните тела на ниво на стручните активи наставниците преку „отворени часови“ „нагледни часови“ ќе вршат меѓусебна посети со цел размена на нови методи и техники, ќе посочуваат и воспотсвауваат линкови до наставни материјали и електронски содржини што би се користеле во наставата и ќе споделуваат искуство за подобрување на планирањата на анставата, а преку „панел дискусии“ и „тркалезна маса“ ќе се дебатира на актуелни теми.

За поцелосно следење и унапредување на воспитно-образовната дејност во училиштето на крајот од првото и третото тримесечие ќе бидат изготвени анализи, а на крајот од првото полугодие и крајот на учебната година Извештаи во кои ќе бидат дадени оценки за степенот и квалитетот на извршувањето на планирањата, успехот на учениците со споредбени показатели со истите периоди од претходната учебна година, редовноста и дисциплината на учениците.

## 16.4 Самоевалуација на училиштето

Согласно Законот за основно образование на секои две години училиштето врши самоевалуација на крајот на наставната година. Истата беше направена на крајот на наставната 2023 година, а ја спроведе училишна комисија составена од редот на наставниците, стручните соработници и родителите формирана на Училишен одбор по предлог на директорот.

Самоевалуцаијата ги опфати следните подрачја:

- ✓ наставни планови и програми
- ✓ постигањата на учениците
- ✓ учење и настава
- ✓ подршка на учениците
- ✓ училишна клима и односи во училиштето
- ✓ ресурси
- ✓ управување, раководење и креирање политика

Извештајот од самоевалуацијата беше разгледан и усвоен на Наставнички совет, на Училишен одбор и истиот беше доставен до Државен испитен центар, објавен на веб страната на училиштето и општината.

Во учебната 2025-2026 година во месец октомври ќе се спроведе Самоевалуација на училиштето за период од две години.

## 17. Безбедност во училиштето

Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес треба во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа. И родителите сакаат нивните деца училиштето да го доживуваат како безбедна средина и да се чувствуваат пријатно.

Во учебната 2025/2026 година се продолжува со реализација на превентивни активности за оптимални безбедносни услови за престој и работа, како и обуки на учениците и вработените за ефикасно постапување во случај на незгоди. Во однос на безбедноста, во училиштето има изготвено:

• Правилник за заштита од пожари, како една од мерките за заштита од елементарни незгоди, во кој се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.

• План за заштита и спасување, во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди.

• Кодекс на однесување за учениците, наставниците, родителите и надворешни лица и Куќен ред

• Распоред на дежурства на наставниците истакнат на видно место. Со обезбедување на дежурство од страна на наставниците за време на одморите се води грижа за безбедноста на учениците

• Видео надзор

Со Решенија е пропишан начинот на користење на паркинг просторот пред училиштето, просториите кои се издадени за користење на надворешни лица и обезбедувањето на влезовите во училиштето.

Активностите за заштита и безбедност на учениците се координирани со институциите во локалната заедница: Министерството за внатрешни работи - Полициска станица Демир Хисар, Општина Демир Хисар, Центарот за социјални грижи.

Согласно Упатството за спроведување на задолжителни мерки и активности во основните училишта за заштита на физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените бр.12-3466/1 од 22.03.2023 г. од Министерот за образование и наука, предвидени се активности за подигнување на свеста на учениците и вработените од појавите на физичко загрозување во соработка со Одделението за спроведување на обуки при Органот на државната управа задолжен за внатрешни работи.

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето.

Нашето училиште има тим кој изготви и ќе управува со планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, во кој план се опфатени голем број на мерки за заштита и начини на справување од природни непогоди и други несреќи и има изработено целосна програма со скици на сите простории во централното и подрачните училишта со што полесно ќе се спроведат мерките за заштита и спасување од непогодите и несреќите. Поставени се и знаци за излез на повеќе локации кои јасно ја покажуваат насоката за движење за најлесно и најбрзо да се напушти училишната зграда при одредени несреќи и непогоди.

Во училиштето постои тим за прва помош и заштита кој го предводат наставниците Билјана Блажевска и Роберто Радески.

## 18. Грижа за здравјето

Грижата за физичкото и менталното здравје на учениците преставува основен приоритет во воспитно-образовниот процес. Во текот на учебната година, училиштето ќе реализира активности насочени кон развивање на здрави животни навики, превенција од болести, едукација за правилна исхрана, хигиена и грижа за менталното здравје.

Целта на активностите од ова подрачје е да се оспособат учениците за заштита и унапредување на здравјето преку развивање на свеста за значењето на психофизичкото здравје на човекот и зголемување на личната и колективната одговорност.

Содржини :

- одржување на хигиената во училиштето
- редовни систематски прегледи ( посета на стоматолог/лекар и вакцинации)
- реализација на едукативни предавања од областа на здравственото воспитување (светски ден на здравјето, ден на менталното здравје, ден на кардио-васкуларни заболувања, болестите на зависност - пушење и последици од пушењето, наркоманија, алкохол ,заштита од сида , промени за време на пубертетот, заразна жолтица, овча сипаница )

Конкретните содржини ќе се реализираат низ редовната настава, часот на одделенскиот наставник и слободните активности како и во соработка со Здравствениот дом Демир Хисар и со Центарот за јавно здравје-Битола.

### 18.1 Хигиена во училиштето

Одржувањето на личната и колективната хигиена претставува важен сегмент во создавањето на здраво опкружување. Хигиенските навики кај учениците се темел за заштита од болести и придонесуваат за нивна целокупна благосостојба.

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот. Техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво. Во текот на целата година се води грижа за санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарии редовно се дезинфицираат со дезинфекциони средства. Во тоалетите има течен сапун. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простории, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два - три пати во денот, училниците редовно се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува. Мебелот во училниците и канцелариските простории се брише

секојдневно. По потреба се чистат, бришат, стаклените површини, врати, прозорци и друг инвентар. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно среден со поставени корпи за отпад. Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува интерни работни акции за средување на работниот простор и училишниот двор.

Техничкиот персонал особено се фокусира на:

- Бришење и миење на тврди подни површини
- Бришење на прашината на работните површини
- Собирање на пајажина
- Бришење на рамки на прозорци и врати
- Бришење на влезни и внатрешни врати
- Бришење и миење на стаклени површини
- Бришење на прашината на инвентарот
- Контрола и пријава на евентуални дефекти или опасности (скршени прозорци, лизгави површини,оштетени електрични инсталации)
- Поддршка при организирање на училишни настани и активности (местење столчиња,маси,чистење по настани )

Пред почетокот од учебната година во училиштето се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на Завод за здравствена заштита Битола, а во текот на учебната година (на 6 месеци) во училиштето се врши повторна дезинфекција во соработка со Заводот за здравствена заштита Битола. Исто така во текот на годината континуирано за време на училишните акции - Ден на екологијата, Ден на планетата Земја, учениците и вработените се организираат за чистење на училиштето и дворната површина околу него. Дворното место-зелената површина во училишниот двор се одржуваат секојдневно од страна на техничкиот персонал. Потполна грижа за хигиената се води и во подрачните училишта.

## 18.2 Систематски прегледи

Систематските здравствени прегледи претставуваат значајна превентивна мерка за следење на здравствената состојба на учениците и навремено откривање на евентуални здравствени проблеми. Тие се организираат во соработка со здравствениот дом и спаѓаат во редовните активности на училиштето.

Заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите во училиштето секако во соработка со родителите, здраствената служба и пошироката заедница.

Програмата за здраствено воспитување има за цел да придонесе во стекнување знаења за здравјето и негово унапредување; развивање на самопочитта и самодовербата; развивање на свест и навики за редовно одржување на личната хигиена и хигиената во околината;

Во текот на учебната година ќе бидат реализирани следните конкретни содржини и активности:

| **Содржина** | **Носител** | **Форма** | **Време** | **Цели** |
|---|---|---|---|---|
| Грижа за хигиената во училиштето и надвор од него | - наставници;<br>- ученици<br>- комисија за уредување на училишните простории | - уредување на училишните простории;<br>- акции за чистење;<br>- информации | континуирано во текот на целата учебна година | да се создаваат навики за одржување на хигиената во училиштето и надвор од него<br>поголема грижа за сопственото здравје и здравјето на другите |
| Систематски предгледи за учениците и вакцинации | - училишен лекар<br>- педодонт<br>- одделенски наставници | - прегледи<br>- контроли<br>- залевање на заби<br>- вакцинации | Согласно Календарот од Здравствен дом Д. Хисар | Подигнување на свеста кај учениците за здравјето |
| Грижа за чување на забите на учениците<br>/предавање за правилно четкање, орална хигиена, редовна посета на стоматолог/ | - училишен стоматолог | - демонстрирање за правилно четкање на заби | Март | - значењето на забите и грижа за чување (развивање на одговорност и навики) |
| Запознавање со Извештајот од систематските прегледи на учениците со споредбени показатели од предходната година | - учил. Лекар<br>- педагогот<br>- наставници по ФЗО/биологија<br>- родители и<br>- наставници | - презентација на Ивештајот,<br>- анализа,<br>- дискусии | ноември<br>декември | запознавање со здраствената состојба на учениците и превземање на континуирани мерки за превентивно делување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Работилница: „Здрави навики“ | одделенски наставници | - работилница | Согласно Планот за ОЖВ | Умерена и здрава исхрана важна за здравјето на учениците |
| Стручни предавања за:<br><br>Болестите на зависност и тоа Пушење и последици од пушењето, Наркоманија, Алкохол<br><br>Предавања за:<br><br>Светски ден на здравјето<br><br>Ден на менталното здравје<br><br>Ден на кардио-васкуларни заболувања<br><br>Заштита од сида<br><br>Промени за време на пубертетот, Заразна жолтица, Овча сипаница | - уч.лекар;<br><br>- лекари од Здраствствен дом<br><br>- претставници од ПЦК<br><br>- стручни соработници<br><br>-лекар од центар за Јавно здравје-Битола | - предавања<br><br>- дискусии<br><br>- презентации | Планирано со програмата на Тимот за ментално здравје во текот на цела учебна година | Правилно едуцирање за превенција и заштита од болестите на зависност и заразни болести |
| Психички промени за време во пубертет | - психолог | - предавања<br><br>- дискусии<br><br>- презентации | Април | Едукација за писхичките промени |
| Правилно користење на зимскиот и летниот одмор | - одделенски раководители<br><br>- педагогот;<br><br>- наставници по ФЗО | - разговори | јануари<br><br>мај | Значење на активно и правилно користење на одморот |

## 18.3 Вакцинирање

Вакцинацијата претставува еден од најефикасните начини за заштита од заразни болести и важен дел од здравствената заштита на учениците. Се спроведува согласно Националниот календар за имунизација од Министерство за здравство, во просториите на Здравствениот дом при што родителите на учениците и одделенските раководители се навремено известени при секое вакцинирање.

## 18.4 Едукација за здрава храна – оброк во училиштата

Ваква едукација ќе вршат наставниците преку теми и содржини интегрирани во наставниот план и програма и одделенските раководители преку темите на часовите од одделенските заедници и од програмата за животни вештини и стручните соработници и одговорните наставнци со предавање на тема „Здрава храна за правилен раст и развој на учениците“.
Со цел да се поттикнат и мотивираат учениците за здрав живот, во училиштето ќе се води кампања за учениците за: здрава храна, физички активности, активности во периодот на детството. Преку Центарот за јавно здравје Битола, одделенските раководители, ќе се реализираат едукативни предавања за учениците.
Исто така и преку Еко проектот и еко стандардите, ќе се спроведуваат предавања на учениците за стекнување на здрави навики.

Едукација на учениците за здравата исхрана, подигање на свеста, подигање на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите ќе се реализира преку организирање и одбележување на меѓународниот ден на храната, 16 октомври со пригодни активности.

## 19. Училишна клима

### 19.1 Дисциплина

Наставниот кадар е со позитивен и професионален однос кон учениците и колегите со желба за реализација на идеи. Во училиштето постои добра организација на воспитно – образовната работа со навремен проток на информации и размена на искуства. Единството на наставничкиот колектив во целокупниот живот и работата на училиштето е на високо ниво.

За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен куќен ред. Се иаработуваат правилници и кодекси за однесување на вработените, учениците и родителите. Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно.

Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето.

Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните збиднувања. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки , пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.

Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесуваат за естетското и функционално уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација бара соодветно уредување: патронен празник и хепенинзи на различни теми. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангажирање во воспитно - образовниот процес. По повод одредени празници во училиштето се формираат комисии за избор на најубаво уредена училница, за која учениците добиваат пригодни награди кои претставуваат мотивација и поттик за континуирано естетско уредување на просторот во училиштето. Со учество на учениците и наставниците во училиштето, а во некои активности и со учество на родителите се води и континуирана грижа за изгледот и хортикултурно уредување на училишниот двор, одржување на зеленилото, цвеќињата, поставените клупи и кантите за отпадоци. Активностите за промоција на мултикултурализам ќе се реализираат во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција во училиштето. Идејата е размена на

култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу училишта преку взаемни посети на културни и образовни манифестации. Односно сакаме да бидеме промотери на еднаквоста, мирот, соживотот и толеранцијата, размена на културните и верските, како и образовните вредности. Покрај запознавањето на различните етникуми во Македонија, учениците , нивните родители, и наставниците, ќе можат да ги разбијат стереотипите на ова поднебје и заеднички да се придонесе за развој на мултикултурно општество, давајки свој продонес и учество.

## 19.2 Естетско уредување на просторот во училиштето

Како и секоја учебна година, така и оваа, училиштето ќе ги подобри условите за работа со естетско уредување на ентериерот и екстериерот. Ходниците во училиштето се планирани да бидат простор каде што учениците ќе ги поставуваат своите оригинални изработки. А во училишниот двор ќе се продолжи со оддржување и збогатување на зеленилото во и околу училиштето.

За време на новогодишните празници ,како и други празници кои носат со себе некоја тематска содржина, ходниците ќе бидат уредени соодветно на настанот или празникот кој претстои.

Дел од ентериерот на последниот спрат во училиштето ,каде се оддржува одделенска настава е планирано да биде катче преку кое и најмалите ученици уметнички ќе се изразуваат. Сепак ќе биде оставен простор и дел од старите изработки од учениците , но исто така ќе биде создадена можност и за постојано надоградување со нови дела. При уредување на просторот особено ќе се внимава на естетиката, а меѓу другото ќе се продолжи идејата која е започната претходно. Во секоја училница, учениците ќе имаат можност сами да ја изразуваат својата креативност и во соработка со одделенскиот раководител да ја уредуваат својата училница.

Со цел подобрување на естетското уредување на просторот во училиштето и непосредната околина ќе водат грижа со низа активности учениците заедно со наставничката по ликовно образование поддржана од раководниот тим во училиштето и стручните активи. Планирано е оваа престојна учебна година да се изработи уште еден мурал, на екстериерот на училишната зграда ,во мотив актуелен за учениците и за училиштето како целина. За истиот ќе биде изготвен акциски план со дефинирани одговорности на сите лица вклучени во реализацијата на активноста.

## 19.3. Етички кодекси

Етичкиот кодекс е за однесување на директор, стручни соработници, наставници, ученици, родители, помошно-технички персонал. Во училиштето секогаш имало и има кодекси на однесување на учениците, наставниците и родителите кои се истакнати во холот на училиштето. Учениците, наставниците и родителите по потреба ги надополнуваат овие кодекси и на самите часови и состаноци на ученичките заедници, наставничките совети, родителски состаноци, совети на родители се потсетуваме на правилата кои мора да ги почитуваат сите структури во училиштето за подобро одвивање на образовниот процес, но и надминување на критичните точки во комуникацијата. Се применува усвоениот Правилник за однесувањето на вработените, учениците, родителите и надворешни лица. Се гради атмосфера на заемно почитување и соработка на сите субјекти во воспитно-образовниот процес. Согласно Законот за основно образование и интерните Правилници за однесувањето во училиштето, поставени се основните принципи и правила за успешно одвивање на воспитно-образовната работа, подобрување на работната дисциплина и безбедноста. Посебно се нагласува потребата од соработка, постапност и конструктивност во пристапот на решавање на различните прашања и проблеми од училишниот живот.

Со формирањето на Еко одборот и вклучување на училиштето во реализирање на програмата еко училиште се создава и правилен однос кон целата околина.

Најголемиот загадувач на животната средина е човекот кој е најнегативниот фактор на животната средина. Тој со се поинтензивниот развој на индустријата и урбанизацијата ја уништува природата, а воедно влијае и врз чистиот воздух кој природата се потрудила да ни го подари. Живите организми се дел од сложениот поврзан систем меѓу живата и неживата природа, а нивните заемни односи и приспособувања ги изучува екологијата. Екологијата е дел од нашата свест и таа е директно поврзана со нашето здравје и опстанок. Ако размислуваме еколошки ќе го промените погледот кон светот.

**Еко одбор**

- ✓ Валентина Димоска – директор на училиштето
- ✓ Тони Гештаковски – наставник по географија и координатор на проектот
- ✓ Жана Јосифоска – стручен соработник
- ✓ Дејан Бошевски – стручен соработник
- ✓ Билјана Блажевска- наставник по биологија
- ✓ Валентина Котевска - претседател на Стручниот актив за одделенска настава
- ✓ Гордана Бојчевска - претседател на Стручниот актив за природна група предмети
- ✓ Александар Богојевски - претседател на Стручниот актив за јазична група предмети
- ✓ Стефан Гроздановски - претседател на Стручниот актив за општествена група предмети
- ✓ Лила Талевска – претставник на локална самоуправа
- ✓ Зоран Стевановски – член на Советот на родители
- ✓ Ристе Белевски – хаус мајстор
- ✓ Маре Ѓорѓиовска – одделенски наставник
- ✓ Анета Божиновска – одделенски наставник
- ✓ Јована Никлеска – ученик во IX– а
- ✓ Константина Ѓорѓиовска - ученик во IX– б
- ✓ Изабела Цветаноска - ученик во IX–в

Цели на програмата:

- Развивање на еколошката свест и промена на навиките;
- Заштеда и рационално користење на енергијата;
- Рационална употреба на водата;
- Намалување на отпадот;
- Реупотреба на старата хартија;
- Формирање на здрава животна средина;
- Уредување и одржување на училишниот двор

Задачи на еко одборот:

- Анализирање на состојбата во училиштето;
- Да ги избере областите за делување (критичните точки);
- Концепирање на програмата;
- Спроведување на предвидената програма;
- Информирање на јавноста за реализацијата на проектот;
- Креирање на активности за подобрување на состојбата;
- Мониторинг на реализацијата на активностите и подобрувањето на почетната состојба;
- Изработка на портфолио за проектните активности.

## 19.4. Односи меѓу сите структури

Наставниците ќе придонесуваат за создавање демократска училишна клима во паралелката, училиштето и поширокага средина. Неопходно е учениците да се оспособуваат да го применуваат знаењето. Истовремено, учениците треба да сфатат како да се живее во заедница во која постојат културни разлики помеѓу нејзините членови, да се навикнуваат да ги надминуваат меѓусебните недоразбирања со толеранција и почит, а со тоа и како да го спречуваат создавањето на конфликтите. Ќе стекнат култура на мирот, медиумска култура, ќе учат како да преземаат општествена одговорност и на тој начин ќе се развиваат во лојални граѓани на државата.

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, Стручни активи). Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него. Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл.

Тим за односи на сите структури во училиштето:
1. Директор
2. Стручни соработици
3. Претседатели на стручни активи од одделенска настава и предметна настава
4. Претседател на Синдикална организација
5. Претседател на Училишен одбор
6. Претседател на Совет на родители
7. Претседател на Училишна заедница
8. Помошно – технички персонал

Во работата на тимот кои го сочинуваат сите структури ќе се користат разни видови на инструменти:
- предлози за разни видови на прослави, екскурзии, коктели, свечености
- предлагање термини за средби на одредени структури
- свикувања седници, состаноци, совети на групи
- истакнување на соопштенија, известувања, усни разгласи
- редовна и навремена информираност за сите активности во училиштето

Очекуваните резултати се: подобрена училишна клима за меѓуетничка интеграција; похумана и праведна средина каде се промовираат вредностите на човековите права; демократски работни методи за заемна почит меѓу наставникот и ученикот; да се применува етичкиот принцип на однесување во секојдневниот живот;

ученикот да чувствува задоволство од работата, да биде почитувана личност со изградени позитивни ставови за карактерот на личноста; да се отстранат старите закоравени социјални и етички навики полни со негативни појави: дискриминација, сегрегација, шовинизам; училиштето да претставува место каде се почитуваат човековите права и не се загрозува физичкиот и моралниот интегритет на вработените.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој не се однесува само на стекнување на нови знаења туку и нивна примена во практиката и подготвеност да се внесат промените во начинот на работа, во однос кон учениците, колегите и родителите, како и во начинот на комуникација кој се практикува во училиштето. Тој воедно води и кон кариерно напредување на воспитно-образовниот кадар.

### 20.1 Детектирање на потребите

Преку развојот на вработените секоја организација го обезбедува и својот развој.

Професионалниот развој на наставникот/стручниот соработник е предуслов за успешно унапредување на квалитетот во образованието. За осовременување на наставниот процес и постојано следење на новите достигнувања во педагошкото работење на наставниците и другите стручни соработници, училиштето ќе се грижи за стручно усовршување на одделенските и предметни наставници, нивно оспособување за користење на современи наставни форми и методи со кои ќе се овозможи поголемо почитување на индивидуалните способности на учениците.

Почитувајќи го концептот на доживотно учење и новините во образованието, како и констатираните состојби од самоевалуација, приоритетите планирани со Годишната програма, развојните цели од Програмата за развој, интегралните увиди, како и врз база на Личните планови за професионален развој се детектираат потребите и приоритетите. Образовниот кадар континуирано присуствува на обуки, семинари, работилници, конференции, трибини, организирани од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и други релевантни институции. Во нашето училиште задачата на Тимот за професионален развој на наставниците е да ги детектира потребите за професионален развој на наставниците, истите да ги планира како и да го следи професионален развој.

## 20.2 Активности за професионален развој

Со стручното оспособување ќе се опфати оспособување на наставниците за успешна реализација на новите програмски содржини што доаѓаат како резултат на општествените промени, новите достигнувања во науката. За таа цел, во текот на учебната година наставниот кадар ќе се усовршува преку посета на семинари, советувања и обуки од Бирото за развој на образованието и други организации, а ќе се усовршува и преку работа и соработка со стручните активи во училиштето, индивидуална работа, стручни списанија и литература.

Стручното усовршување на наставниците преку споделување на емпириското односно практичното искуство, има за здача да го постигне следното:

- ✓ Продлабочување на воспитните цели и на знаењето;
- ✓ Унапредување на интеграциските врски и повисоко ниво на предмет- на корелација;
- ✓ Оспособување на наставниците за меѓусебно разбирање, толеранција и почитување на туѓото мислење;
- ✓ Развивање на способности за меѓусебна интеракција, дискусија, објаснување, процена и генерална класификација;
- ✓ Практична примена на иновации преку отворени часови и анализа наставната постапка;

Имплементација на разни стратегии на современа педагошко-дидактичка апаратура, форми, методи, средства, работилници, а се во функција на иновирање и унапредување на наставата.

## 20.3 Личен професионален развој

Наставниците активно и иновативно ќе споделуваат искуства и работат на практична имплементација на современи педагошко-дидактички стратегии во функција на нивно стручно усовршување, осовременување и унапредување на наставата и воопшто на воспитно-образовниот процес.

Во функција на подобрување на квалитетот на наставата, а согласно подрачјата на промени во учебната 2025/2026 година професионалниот развој на наставниците ќе се реализира преку:

- ✓ Давање поддршка во примена на различни методи и инструменти за формативно оценување при онлајн реазлизацијата на наставата а целта е подобрување објективноста на оценување
- ✓ Поддршка во реализацијата на новата концепција за прво, второ, четврто и петто одделение во одделенска и шесто и седмо одделение во предметна настава
- ✓ Реализирање на обука за користење на техники и стратегии за учениците со попреленост

- ✓ Реализација на активности за поттикнување на демократската клима во училиштето

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и Правилникот за формата и формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните училишта донесен од министерот за образование, законска обврска е секој наставник и стручен соработник да го полнува и реализира Личниот план за професионален развој.

## 20.4 Хоризонтално учење

Хоризонталното учење се одвива преку различни видови на организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства, внатре во училиштето, како и помеѓу повеќе училишта како соработка. За хоризонталното учење е посебно важна тимската работа во училиштето која овозможува создавање и развивање нови идеи и поголема продуктивност на секој поединец. Професионалниот развој на наставниците на ниво на училиште подразбира учење на наставниците едни од други, или хоризонтално учење. Размената на искуства помеѓу наставниците на ниво на училиште или на ниво на училишта се одвива преку размена на искуства базирани на сопствената пракса при реализацијата на воспитно-образовниот процес или пак различен начин на организирани средби и состаноци. Постојат повеќе активности преку кои се реализира хоризонталното учење во училиштето како начин за професионален развој на наставниците. Во училиштето може да се формираат и таканаречени групи на интерес. Нивната цел е да работат на заеднички цели преку кои сметаат дека може да дадат допринос за подобрување на воспитно-образовната дејност.

Дисеминацијата на одреден материјал во училиштето од посетени стручни обуки од страна на наставниците кои учествувале на стручни обуки организирани од други организации е од голема важност. Првенствено, треба да се создаде навика дека наставниците кои од училиштето се испратени на одредени стручни обуки, задолжително треба да извршат дисеминација на предадениот материјал на посетената стручна обука со цел и останатите наставници од училиштето да се стекнат со нови знаења и професионално да се усовршат.

Во период од 2022 – 2024 година наставниците посетија поголем број на обуки оганизирани од МОН и БРО и тоа: „Учење на далечина: интернет-апликации и платформи за учење“, „Дизајнирање објективни тестови на знаење“, „Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици“, „Примена на иновативни, интерактивни пристапи во наставата“, „Учење преку истражување, работа на проект и решавање на проблеми“, „Стратегии за менаџмент во училница-принципи и примери на добра практка за создавање позитивна работна атмосфера во училница“, „Инклузија и пристапи во поучувањето на учениците со посебни образовни потреби/ попреченост“, „Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.).

Стекнатите знаења од споменатите обуки ќе бидат споделени на ниво на стручни активи во насока на подобрување на квалитетот на наставата и постигнување на подобри резултати.

Една од значајните педагошки и дидактички иновации во современата настава која овозможува флексибилна организација на наставничкиот колектив, модернизација на стилот на работа и активна позиција на учениците во процесот на учење е тимската настава.

Таа подразбира заедничка творечка работа и одговорност на повеќе наставници и други соработници во сите фази на наставниот процес и со разновидни фотми на воспитно-образовната работа.

Тимската настава е таква организација на наставниот процес со која се остварува тесна соработка помеѓу поголем број на наставници, поделба на одговорностите, меѓусебна доверба, споделувawа на искуства, почитување на индивидуалноста и заемно почитуваwе на членовите на тимот.

Развојната програма во ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар опфаќа три механизми во управувањето со училиштето и тоа:

**Училишен тим за развој** кој ќе ја планира, разгледува и дава мислење за училишната програма.

Членови на овој тим се: Валентина Димоска - директор, Билјана Блажевска - помошник директор, Жана Јосифоска - педагог, Дејан Бошевски - психолог, Билјана Соколовска - библиотекар, Валентина Котевска - одговорна на стручен актив за одделенска настава, Стефан Гроздановски – одговорен на стручен актив за општествена група, Гордана Бојчевска – одговорна на стручен актив за природна група, Александар Богојевски – одговорен на стручен актив за јазична група, Ана Николовска Мицковска – наставник по англиски јазик, Анита Н. Ивановска – одделенски наставник.

Согласно Правилникот за водење на професионално досие за сите наставници и стручниот соработник ќе продолжи да се води ваков вид досие, а подршка ќе дава **Тимот за следење и кариерен развој на наставниците** во состав: Валентина Димоска – директор на училиштето, стручните соработници и претседателите на стручните активи.

Во функција на подобрување на учењето преку примена на различни алатки на учење, а во рамките на програмата **Математика со размислување во почетните одделенија** е **Тимот за учење** во состав: Валентина Димоска - директор на училиштето, Жана Јосифоска - педагог, Дејан Бошевски - психолог, Ленче Кокоровска, Милена Најдовска и Маре Ѓорѓиевска – одделенски наставници.

Со цел следење на континуитетот на оценување е **Тимот за следење на оценувањето** во состав: Валентина Димоска – директор на училиштето, помошник директорот и стручната служба.

Со цел учениците од деветто одделение да бидат целосно информирани за запишување во средните училишта се формира **Тим за ПО и ПИ** во состав: Жана Јосифоска - педагог, Дејан Бошевски – психолог, Билјана Соколовска - библиотекар и одделенските раководители на деветто одделение.

За успешна реализација и следење на активностите за **меѓуетничка интеграција се формира Тим за училишна интеграција во состав**: Валентина Димоска - директор на училиштето, Андријана Котевска, Анита Николовска Ивановска, Никола Стојковски, претседателот на ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител. Тимот за училишна интеграција се формира за период од три години и истиот потребно е да изработи план за активности кои ќе бидат во насока на унапредување на интеркултурализмот и унапредување на меѓуетничката интеграција.

**Членови во Тим за работа на надарени ученици** чија цел е запознавање со карактеристиките на надарените ученици, начин на нивна идентификација и можности за работа со нив во рамките на наставата се: стручните соработници: Жана Јосифоска, Дејан Бошевски, Билјана Соколовска, Валентина Котевска и Анета Божиновска.

Училишен **Инклузивен тим** за давање поддршка за работа со ученици со посебни потреби во состав: Валентина Димоска – директор, Дејан Бошевски - психолог, Жана Јосифоска - педагог, Елизабета Василевска - родител, Зоран Стевановски - родител, Тони Гештаковски - одделенски раководител, Милена Најдовска - одделснки наставник и Елена Петровска - специјален едукатор рехабилитатор вработена во Ресурсен центар Кочо Рацин Битола. Училишниот инклузивен тим е со мандат од три години.

**Инклузивен тим за Леонид Василевски** ученик во трето одделение: Весна Здравеска – одделенски наставник, Александра Шундоски – наставник по ФЗО, Дејан Бошевски - психолог, Жана Јосифоска - педагог, Андријана Котевска – наставник по англиски јазик, Елизабета Василевска – родител, Елена Петровска – специјален едукатор и рехабилитатор во Кочо Рацин Битола и образовниот асистент именуван од ОУРЦ „ Кочо Рацин “ Битола.

**Инклузивен тим за Теодора Вишиноска** ученик во четврто одделение: Милена Најдовска – одделенски наставник, Александра Шундоски – наставник по ФЗО, Маријана Ѓорѓиевска Поповски, Дејан Бошевски - психолог, Жана Јосифоска - педагог, Билјана Вишиноска – родител, Елена Петровска – специјален едукатор и рехабилитатор во Кочо Рацин Битола и образовниот асистент именуван од ОУРЦ „ Кочо Рацин “ Битола.

## 20.5 Кариерен развој на воспитно – образовната работа

Во процесот на кариерен развој на наставниците проценувањето на исполнетоста на стандардите за напредување во звања се врши од неколку аспекти, при што за постигнатоста на одредени стандарди проценката ја врши училиштето и тимот за професионален развој. Со воспитно-образовниот кадар се споделени:

- Основни професионални компентенции кои треба да ги поседува секој наставник
- Професионалните стандарди за наставник – ментор
- Професионалните стандарди за наставник – советник

Во нашето училиште има **Наставник со звање ментор** и неговата работа е:

| | |
|---|---|
| Работни цели | - дава стручна и советодавна помош на ученици, наставници, родители, како и поддршка на наставниците во остварување на нивната работа |
| Работни задачи | - учества, координирање на различни тимови во училиштето,<br>- реализирање на вонннаставни активности (проекти кои ги дисеминира),<br>- следење и оценувања на напредокот и постигањата на учениците (учениците кои учествуваат во секцијата)<br>- учество во надворешните мерења на постигањата на учениците (меѓународни и<br>државни тестирања),<br>- следење на педагошка документација и евиденција,<br>- соработка со родители,<br>- соработка со пом директорот, стручните соработници и другите органи на училиштето,<br>- работа во стручните активи и другите тела и комисии,<br>- вршење на задачи за потребите на учениците,<br>- собирање и обработка на податоци во врска со воспитно-образовната и друга работа,<br>- менторство на ученици,<br>- следење на реализација на испитите од државната матура, училишна матура,<br>завршен испит, државни и меѓународни тестирања,<br>- планирање и реализација на професионален развој,<br>- овозможување да се реализираат дополнителна и додатна настава за учениците,<br>- подготвување и водење ескурзии, излети, натпревари, настава во природа, што ги организира училиштето,<br>- учество на истражувачки проекти и други активности за унапредување на воспитно-<br>образовната работа,<br>- водење на портфолио (дел од професионалното досие) и<br>- вршење на други работи определени со годишната програма за работа на училиштето<br>- менторирање на наставник-приправник,<br>- менторирање на студенти од факултетите за наставници,<br>- менторирање на наставници што имаат поддржан професионален развој,<br>- користење иновативни приоди и помагање на колегите во спроведување на акциски<br>истражувања,<br>- учество во изготвување на развојни политики на училиштето и<br>- други задачи согласно со стекнатите компетенции за наставник-ментор. |

Забелешка: Валентина Димоска, одделенски наставник со звање ментор, а во моментот Директор на училиштето, а работните задачи за наставник ментор се во мирување, а според Измените на Законот за основно образование од јануари 2025 година!

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Семејството е основата каде се формира личноста на детето. Тоа има големо значење во изградување на здрава и творечка личност во општеството. Семејството е првата, најприродната и најнепосредната социјална средина во која детето го започнува својот живот и развиток.

Во една организирана општествена заедница најважна клетка за опстанокот на истата е семејството со сите свои убавини, ангажирања и резултати. Современата настава и учење се грижи да се создаде континуитет во воспитувањето и образованието, а тоа е невозможно без блиска соработка на училиштето и семејството.

### 21.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Вклучувањето на родителите во воспитно – образовната дејност ќе претставува чекор напред во унапредувањето на дејноста на нашето училиште затоа што искористувајќи го потенцијалот со кој располагаат родителите на учениците ќе се овозможи континуиран развој на училиштето. Вклученоста на родителите позитивно ќе влијае на ставовите и однесувањето на учениците. Активната вклученост на родителите ќе има поповолно влијание од пасивната. Учениците кои од родителите ќе добиваат поддршка, ќе постигнуваат подобри резултати од оние ученици кои не добиваат таква подршка.

Соработката со родителите ќе се одвива транспарентно во текот на целата учебна година преку индивидуални и заеднички родителски средби, разговори со можност за вклучување на родителите во реализација на одредени воспитно – образовни цели и преку работата на Советот на родители. На ваквите средби и разговори ќе се третираат прашања директно поврзани со животот и работата на учениците во училиштето.

Во училиштето континуирано ќе функционира Совет на родители кој ќе биде составен од еден член (родител) од секоја паралелка. Сите активности со родителите и со Советот на родители, ќе бидат насочени кон размена на информации, консултации, партнерство и заедничко донесување на одлуки и развивање на партнерски односи семејство – училиште.

## 21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите ќе се вклучат во реализација и на други активности како во воннаставни активности, приредби и манифестации.

Поврзаноста на училиштето со семејството во многу случаи се појавува како пресуден фактор за успешна адаптација на училишниот живот, подобри резултати во учењето подобро усвојување на социјалните вештини, за превенција и за справување со разни видови ризични и несоодветни однесувања.

Училиштето континуирано ќе ги информира родителите за постигнатите резултати, преку Советот на родители и родителските средби. Информирањето ќе се остварува и преку индивидуални разговори помеѓу раководителите на паралелките, наставниците, со писмено известување и советување на родители. Исто така, родителите ќе може да се информираат и преку електронскиот дневник, со што се овозможува брз и едноставен увид во училишните дневници и оцени на нивните деца.

**Изработка на брошура за родители**

Училиштето – стручната служба е задолжена за подготовка и реализација на брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации. Како и секоја учебна година и оваа, училиштето ќе испечати брошура која ќе биде поделена на родителите чиишто деца ќе се запишат во прво одделение наредната учебна година.

Преку соработката со родителите и семејството училиштето ќе има за цел:

- ✓ запознавање на родителите и учениците преку брошура со одделени делови до програмата за работа, правата и должностите на учениците и организацијата на работата во училиштето согласно член 36 од Законот за основно образование ( Сл. Весник на РМ " бр. 103/2008 )
- ✓ запознавање со условите за работа, проблемите кои го попречуваат нормалното работење и барање од родителите помош во разрешување на тие проблеми,
- ✓ запознавање со нормативните акти што го регулираат оценувањето, училишната политика за оценување и Стандардите за оценување,
- ✓ информирање за постигањата на учениците и
- ✓ барање помош, мислење, сугестии и вклучување на родителите во разни активности соодветни на нивната професија, афинитет, моќ, влијание и углед за подобрување на материјалната основа, условите за работа и унапредување на воспитно-образовната дејност.

И оваа учебна година ќе продолжи реализацијата на Проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ кој има за цел зајакнување на врската „родител-ученик-наставник“ преку кој ќе се овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно образовниот процес, интеракција и дружење со родителите и наставниците, а со тоа и придонес кон социо-културолошкиот развој на учениците.

Проектот ќе се реализира преку заеднички активности во училиштето, односно преку организирање на спортски, културни, забавни и едукативни активности во кои ќе земат учество родителите, учениците и наставниците.

Во текот на учебната 2025/2026 година во соработка со родителите на учениците ќе бидат реализирани следните активности:

| Активност | Носител на активноста | Временска рамка |
|---|---|---|
| **„ Родителска отворена средба“**<br><br>Се започнува со родителска средба со одделенските раководители и се продолжува со отворена средба со предметни наставници | - одделенски раководители<br><br>- предметни наставници | ноември 2025<br><br>јануари 2026<br><br>април 2026 |
| **„Посета на библиотека“**<br><br>Организација на заеднички настан со библиотекарот, наставниците по македонски јазик, учениците и родителите на кој ќе се промовира на некое лектирно издание | - библиотекарот во училиштето<br><br>- наставниците по македонски јазик<br><br>- родители | Во рамките на Месецот на книгата |
| **„Новогодишен базар“**<br><br>Изработување на новогодишни украси, сувенири, честитки со заедничко учество родители, ученици, наставници | - одделенски и предметни наставници<br><br>- родители<br><br>- ученици | декември 2025 |
| **„Мојата професија“**<br><br>Организирање на работилница со родителите на учениците кои ќе помогнат при професионална ориентација на учениците секој од областа на својата професија | - одделенски и предметни наставници<br><br>- родители<br><br>- ученици | Континуирано во текот на второ полугодие од учебната 2025-2026 година |
| Вклучување на родителите/старателите во вoннаставните училишните активности, | - наставникот одговорен на | септември 2025 – |

| | | |
|---|---|---|
| организирање на литературно читање со заедничко учество на наставници, ученици и родители (изведување екскурзии, опременост на училиштето, преку самоиницијативни иновации и донирања, разубавување на простор, и сл.) | литературно-рецитаторската секција<br><br>- други наставници<br><br>- ученици и родители | јуни 2026 |
| **„Еко активности“**<br><br>- Учество во еко-активностите на училиштето<br><br>- Заедничко изработување на цветни украси-родители, наставници, ученици<br><br>- Уредување на просториите и дворот | - одделенски и предметни наставници<br><br>- родители<br><br>- ученици | март - април 2026 |
| „**Отворен ден** “<br><br>Наменет за средба на стручните соработници со родителите со цел јакнење на социоемоционалните вештини и компетенции за психолошка добросостојба на учениците | -наставници<br><br>-стручни соработници<br><br>-родители<br><br>-ученици | Континуирано во текот на учебната 2025-2026 година |

Секојдневното искуство покажува дека вклученоста на родителите во училишниот живот има повитивно влијание, не само врз училишниот успех на нивните деца, туку и врз нивниот развој и севкупното однесување. Поактивното вклучување на родителите во развојот и во образованието на своите деца недвосмислено може да придонесе за подобри училишни постигнувања и за посоодветно обликување и задоволување на низа социјални, емоционални, физички и училишни потреби на децата.

## 21.3 Едукација на родителите/старателите

Во планирањето и реализирањето на воспитно – образовниот процес во училиштето неопходно е да бидат вклучени родителите/старателите. Ќе бидат организирани едукативни работилници за родители на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на Советување на родители, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер. Едукацијата на родителите/старателите е потребно да се реализира континуирано во текот на учебната година, како би биле

постојано информирани за состојбите кои претставуваат предмет на интерес, како на пример едукација од областа на здравствената заштита (наставник по биологија и стручна служба), професионална ориентација (предметни наставници и стручна служба), инклузивност (стручни лица и стручна служба), пороци кај младите (стручни лица и стручна служба).

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

**Локална средина и заедница** - Соработката на училиштето со локалната средина ќе се реализира преку активно вклучување на училиштето во средината, нејзино информирање за постигнатите резултати (Facebook, Web сајтот на училиштето и општината), издавањето на училишниот весник Бисери како и разни други видови соработка. Исто така ќе се зголеми соработката со локалната средина преку посета на објекти во непосредната околина, преку организирање на приредби, разни дефилеа, покана на гости од разни струки и занимања. Тоа ќе овозможи да се искористи се она што ќе може да понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи на училиштето но исто така и училиштето да допринесе во подигањето на културно-образовното ниво на населението. Училиштето ќе соработува со: семејството на учениците, воспитно-образовните установи, институции и организации од областа на културата, стопанството и други органи и организации. Посебен акцент ќе стави на транспарентноста во работењето. Училиштето редовно ќе информира за резултатите што ги постигнува училиштето.

**Соработка на училиштето со локалната самоуправа** ќе се реализира преку:

- ✓ Следење на работата на училиштето од страна на локалната самоуправа преку Годишната програма за работа на училиштето, Рамката за самоевалуација, Финансиски план, завршна сметка и Годишен извештај за работата на училиштето и материјално - финансиското работење;
- ✓ Одржување на училишните згради, инвентарот и имотот на училиштето;
- ✓ Подобрување на материјалната состојба на училиштето преку замена на дотраениот инвентар и обезбедување на современи средства и помагала;
- ✓ Организирање на превозот на учениците;
- ✓ Групна набавка на нафта и дрва за огрев на училиштето.

**Соработка со воспитно-образовни и други органи и организации** - Со цел училиштето да ја збогати, осовремени и актуелизира својата воспитно-образовна дејност ќе соработува со организации од областа на образованието, културни установи и институции, со Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и со други органи и организации.

- ✓ Соработката со Основните и средното училиште од општината како и со училиштата од соседните општини ќе се одвива преку размена на искуства, организирање литературни читања, натпревари, манифестации и друго;
- ✓ Соработка со Домот на културата "Илинден" Демир Хисар ќе се одвива преку заедничко организирање на приредби, прослави, манифестации, изложби, со посета на театарски и кино-претстави, соработката со градската библиотека;
- ✓ Со Здраствениот дом Демир Хисар ќе се соработува во насока на подобрување на здраствената состојба на учениците, вклучување на реализацијата на дел од програмските содржини од областа на здраственото воспитување како и други прашања поврзани со здравјето;
- ✓ Соработка со: Полициска станица, Центар за социјални работи и други институции и организации во општината.

**Ресурси (во опкружување на училиштето)**

За успешна реализација на воспитно-образовниот процес училиштето ги користи следните ресурси на опкружувањето:

**Културни установи**

- ✓ Дом на Културата " Илинден" кој располага со кино сала и градска библиотека;
- ✓ Градска библиотека „Петре М.Андреевски"
- ✓ Меморијален музеј и споменикот на Даме Груев во с. Смилево
- ✓ Библиотеката Алби с. Бабино

**Воспитно-образовни установи**

- ✓ Детска градинка "2ри Септември" Демир Хисар
- ✓ ООУ "Браќа Миладиновци" с. Жван;
- ✓ ООУ "Даме Груев" с. Смилево;
- ✓ СОУ "Крсте П Мисирков" Демир Хисар
- ✓ ОУРЦ „Кочо Рацин" Битола

**Невладини организации**

- ✓ Општинска организација на Црвениот крст
- ✓ Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост "Порака" Демир Хисар
- ✓ Македонско еколошко друштво Скопје

**Медиуми**

- ✓ Со цел промоција, училиштето има изработено своја web страна, каде што се објавуваат сите новости и активности кои се случуваат во самото училиште. Исто така, училиштето е во тек со новите современи начини на комуницирање, т.е. социјалните мрежи, па со оглед на тоа редовно ќе се ажурира и страната на facebook. Училиштето ќе определи лице за контакт со медиумите, кое ќе има за задача да го претставува училиштето и да го промовира пред медиумите и јавноста, да ги координира активностите за известувања и соопштенија, како и раководење и организирање на училишен весник и сл.

**Информирање на пошироката јавност за резултатите што ги постигнува училиштето во својата воспитно-образовна дејност**

- ✓ Училиштето ќе ја информира пошироката јавност за: постигнатите резултати во наставата; резултатите од вонннаставните активности, а посебно со резултатите од натпреварите; активности што се превземаат на полето на унапредувањето на здравјето на учениците.
- ✓ Информирањето ќе се остварува преку издавање брошура, пишани материјали, средби, училишниот весник, известувања и со користење на други информативни гласила.
- ✓ По повод Патрониот празник на училиштето 4ти Мај за родителите и граѓаните ќе се организира културно-уметничка програма.

| Значајни настани, манифестации, празници, јубилеи | Активности | Носители на активности | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1ви Септември | Свечен прием на првачињата | Учениците од II одд | септември 2025 |
| 8ми Септември - Ден на независноста на РМ | Читање на реферат, полагање цвеќе, присуство на свечена седница | Новинарска секција, Директорот | септември 2025 |
| Детска недела | Пригодна програма за прием на првачињата во Детската организација | Директорот, педагог, одговорни наставници, литературааната и ликовна секција, УТТП | октомври 2025 |
| 5ти Октомври - Ден на учителот | Читање на реферат, посета на заедничка свеченост | Директорот, наставници | октомври 2025 |
| 11ти Октомври - Ден на народното востание на РМ | Читање на реферат | Литературна и новинарска секција | октомври 2025 |
| 15ти Октомври – Меѓународен ден на пешачењето | Пешачење до одредена дестинација | Ученици, одделески наставници<br>Директор | Октомври 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15ти Октомври – 15ти Ноември Месецот на книгата | Соработка со библиотеката и учество на конкурси | Литературна и новинарска секција, одделенски наставници | октомври – ноември 2025 |
| 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба | Реферат, уредување на ѕидни весници | Историска, литературна и новинарска секција | октомври 2025 |
| 1 Декември – Светскиот ден против сидата | Дискусии и предавање на одделенски час | Ученици, наставници | декември 2025 |
| 8 Декември „Св. Климент Охридски" | Читање на реферат | Литературна и новинарска секција | декември 2025 |
| Нова година | Весела новогодишна програма | Ученици, наставници, родители | декември 2025 |
| 4ти Февруари - Ден на раѓањето на Гоце Делчев | Читање на реферат, полагање цвеќе | Група ученици и наставници | февруари 2026 |
| 8ми Март – Денот на жената<br>21ви Март – Светски ден на поезијата | Литературно читање и рецитирање | Литературна секција и УТТП | март 2026 |
| Еколошка акција | Работни акции во училиштето и<br>локалната средина | Учениците, одделенски раководители, Директорот | март 2026 |
| 1ви Април – Ден на шегата<br>7 ви Април - Светски ден на здравјето<br>22 ви Април – Ден на планетата Земја | Маскембал<br>Предавање во врска со нашето здравје<br>Еко порака | Одделенски наставници<br>Здравствено лице | април 2026 |
| 1ти Мај - Ден на трудот | Читање на реферат | Одделенски наставници, наставникот по историја | април 2026 |
| Велигденски празници | Фарбање на велигденски јајца | Одделенски наставници | мај 2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4$^{ТИ}$ Мај – Патронен празник на училиштето | Културно уметничка програма, спортски натпревари, јубилејни награди Доделување на благодарници и награди на ученици, ментори | Директорот, комисија за одбележување на патрониот празник | мај 2026 |
| 24$^{ТИ}$Мај – "Св. Кирил и Методиј" - Ден на сесловенските просветители | Читање на реферат | Литературна и новинарска секција | мај 2026 |
| 3$^{ТИ}$ Јуни Светски ден на велосипедизмот | Возење велосипеди во блиската околина | Ученици, одделенски наставници<br><br>Директор | Јуни 2026 |
| 5$^{ТИ}$ Јуни Светски ден на Животната средина | Прошетка во блиска околина | Ученици, одделенски наставници | Јуни 2026 |

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Следење на реализацијата на новата концепција на првиот и вториот образовен период | Увид во планирањата на наставниците, посета на часови | Директор<br>Стручна служба<br>Драгана Стефановска-претседател на стручен актив за одделенска настава | Раководниот тим |
| Следење на вклученоста на родителите во реализацијата на вон наставните активности | Преку реализирани активности, информирање, споделување искуство, разговори | Стручни соработници и одговорните на активите | Раководниот тим |
| Следење на набавката на нови технички средства | Преку увид | Одговорните на активите | Раководниот тим |

| | | | |
|---|---|---|---|
| и помагала | | | |
| Следење на набавката на лектирни изданија и друг вид на литература | Увид во изводите од набавката, увид во библиотека | Библиотекарот Одделенски наставници Наставници по македонски јазик | Раководниот тим |
| Следење на активностите за подобрување на условите за работа во училиштето | Преку увид во моменталната состојба, изготвување на прегледи со потребните материјали | Техничкиот персонал, Помошниот директор, Директор | Раководниот тим |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

### Инструмент за следење и евалвација на програмите и акционите планови

| *Активности на тимовите* | *Временска рамка* | | | | | | | | | | *Носители* | *Начин на спроведување* | *Инструменти* | *Очекувани резултати* | *Одговорно лице* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *6* | *9* | *10* | *11* | *12* | *2* | *3* | *4* | *5* | *6* | | | | | |
| ***Формирање на Тим за изработка на Годишна програма за работа на училиштето*** | ***x*** | | | | | | | | | | ***Директор*** | ***- Наставнички совет*** | ***Тимови за програми*** | ***Годишна програма за работа на училиштето и усвоена на Наставнички совет и УО*** | ***Директор*** |
| ***Тим за кариерен развој***<br><br>***- водење на наставничко портфолие***<br><br>***- учество на различни форми на стручно усовршување*** | | ***X*** | | ***x*** | | | | ***x*** | ***x*** | ***x*** | ***Раководен тим***<br><br>***Стручна служба*** | ***- учество на обуки, семинари и други форми на стручно усовршување*** | ***Наставничко портфолие***<br><br>***Извештаи*** | ***Унапредување и осовременување на наставата преку имплементирање на нвите сознанија стекнати низ различни форми на стручно усовршување*** | ***Раководен тим и Тимот за кар.р.*** |
| ***Тим за следење на оценувањето***<br><br>***- споделување на емпирискто и практичното*** | | ***X*** | | ***x*** | | ***x*** | | | ***x*** | | ***Тимот*** | ***- увид во педагошка евиденција и документација***<br><br>***- посета на часови*** | ***Протоколи од посета на часови***<br><br>***Извештаи од извршени увиди*** | ***Преку подобрување на оценувањето до подобар систем на училишно оценување и подобрување на*** | ***Раководен тим***<br><br>***Стручна служба*** |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| искуство | | | | | | | | | | | | | во одд.книги | учењето | |
| Тим за учење<br><br>- перманентна стручна поддршка во примената на алатки и техники за учење | | X | | x | | | | x | | | Наставниците кои посетуваа обука по нова концепција | - споделување искуство на ниво на стручни активи | Протоколи од посета на часови<br><br>Извештаи<br><br>Записници од активи | Подобрување на учењето преку примена на различни алатки и стратегии | Раководен тим<br><br>Стручна служба |
| Тимот за ПО и ПИ<br><br>- помош и поддршка на учениците насочување кон идните занимања | | X | | | | | x | x | x | | Стрчни соработници | - презентација<br><br>- индивидуално информирање<br><br>- анкетирање | Анкетни листови<br><br>Брошури<br><br>Информативен материјал | Навремено информирање на учениците и давање поддршка во изборот на идното занимање | Стручни соработниц и |
| Тим за училишна интеграција<br><br>- поддршка во организирање на заеднички активности со партнер училиштето | | x | | | x | | | x | | | Тимот | - планирање на заеднички активности и самостојни активности | Извештаи од реализирани активности | унапредување на интеркултурализмо т и унапредување на меѓуетничката интеграција. | Тимот |
| Тим за работа со надарени ученици<br><br>- идентификација на оваа група ученици, организирање на работилници и | | x | x | x | x | | x | x | x | | Стручни соработници | - организирање работилници и изготвување на проект | Извештаи<br><br>Фотографии<br><br>проекти | запознавање со карактеристиките на надарените ученици, начин на нивна идентификација и можности за работа со нив во рамките на | Стручна служба |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***проекти*** | | | | | | | | | | | | | | *наставата.* | |
| ***Инклузивен тим***<br><br>***- Давање поддршка во работата со ученици со посебна образовни потреби***<br><br>***- Дисеминација за изготвување на ИОП*** | | ***x*** | ***x*** | ***x*** | ***x*** | ***x*** | ***x*** | ***x*** | ***x*** | ***x*** | ***Тимот*** | ***- дисеминација на ниво на стручни активи за изготвување на ИОП*** | ***Извештаи***<br><br>***Записници***<br><br>***протоколи*** | *Навремена идентификација и креирање политика за работа со ученици со посебни образовни потреби* | ***Тимот*** |
| ***- Тим за ментално здравје***<br><br>***Активности во насока на унапредување на здравјето на учениците*** | | ***x*** | ***x*** | ***x*** | ***x*** | ***x*** | ***x*** | ***x*** | ***x*** | ***x*** | ***Тимот*** | ***- систематски прегледи***<br><br>***- едукативни предавања***<br><br>***- стоматолошки пегледи/согласно Календарот од Здравствен дом/*** | ***Извештаи*** | *Унапредување на здравјето на учениците* | ***Тимот*** |

## 25. Заклучок

Годишната програма на училиштето е клучен документ за работата на основното училиште во тековната година. Овој документ ја дефинира реализацијата на планираните активности, следењето на воспитно-образовниот процес и предвидува формите и начините на работа според условите во кои функционира училиштето: материјално-технички, кадровски, финансиски и други услови во пошироката заедница.

Програмата ги содржи сите податоци за училиштето и предвидените активности во сите аспекти на училишниот живот, како што се: училишната лична карта, просторните услови за работа и настава, план на просториите, опременоста на училиштето, структурата на училиштето од највисокиот орган до организацијата на работните места на наставниот кадар и вработените, бројот на паралелки, ученици, етничка и родова структура на ученици, мисија и визија на училиштето, стекнатите искуства, подрачја на промени и приоритети, задачи и цели, план за евалуација, календар за работа, видови настава (редовна, изборна, додатна и дополнителна, слободни часови), оценување и самоевалуација, воннаставни активности, поддршка на ученици, грижа за здравјето, училишна клима, професионален развој на образовниот кадар, вклученост на семејството во училиштето и комуникација со јавноста.

Наш приоритет е да создадеме здрави генерации на ученици и да поттикнеме творечки, креативен дух, работни вештини, самодоверба и лична и колективна одговорност. Преку реализација на поставените задачи, настојуваме да создадеме клима на меѓусебно почитување, помош, соработка и разбирање. Целите на наставата, очекуваните резултати од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата. Наставниците ги користат овие информации за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори.

Наставниците разменуваат искуства и идеи на стручни состаноци, како и во соработка со стручните соработници. При реализација на програмските подрачја од годишната програма, наставниците применуваат различни методи и инструменти за оценување и следење на напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и слично.

Училишниот простор е безбеден и здрав за изведување настава, со особено внимание кон хигиената и здравјето. Во текот на реализацијата на воспитно-образовната работа, ќе постои професионална соработка меѓу вработените, родителите и пошироката јавност. Раководниот и наставниот кадар, преку унапредување на тимската работа, ќе имаат важна улога во одржувањето на поттикнувачка атмосфера во училиштето и во реализацијата на активностите и плановите од годишната програма. Сите наши достигнувања ќе ги промовираме во пошироката општествена средина.

**Забелешка:** Согласно Правилникот за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на основното училиште со бр. 18-6579/1 од 06.07.2020 година донесен од страна на министерот за образование и наука, а врз основа на член 15 Усвоената годишна програма за работа на основното училиште може да се измени и дополни во текот на нејзината имплементација.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

1. Валентина Димоска – директор
2. Билјана Блажевска – помошник директор
3. Жана Јосифоска – педагог
4. Дејан Бошевски – психолог
5. Билјана Соколовска - библиотекар
6. Милена Најдовска – одделенски наставник
7. Нашку Стојчевски – предметен наставник
8. Дијана Колонџовска – предметен наставник
9. Ана Николовска Мицковска – предемтен наставник
10. Александра Шундовска – предметен наставник
11. Аните Николовска Ивановска – одделенски наставник
12. Александар Богојевски – наставник по англиски јазик

## 27. Користена литература


- ✓ Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште
- ✓ Индикатори за квалитетот на работата на училиштето – МОН  и Државен просветен инспекторат
- ✓ Закон за основно образование (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25)
- ✓ Закон за наставници и стручни соработници во основни училишта образование (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 161/2019)
- ✓ Концепција за воннаставни активности во основното образование
- ✓ Концепција за основно образование – Министерство за образование и наука, Март 2021
- ✓ Статут на училиштето
- ✓ Развојна програма на училиштето
- ✓ Наставни планови и програми од БРО
- ✓ Подзаконски и интерни акти
- ✓ Годишна програма за работа на училиштето 2024/2025
- ✓ Полугодишен извештај од работата на училиштето 2024/2025
- ✓ Годишен извештај за работа на училиштето 2024/2025
- ✓ Извештај од извршена самоевалуација на училиштето 2021-2023
- ✓ Извештај од интегрална евалуација на училиштето од 2023 година
- ✓ Упатства за релазација на наставата – МОН
- ✓ Правилник за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности
- ✓ Прирачник за следење на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници
- ✓ Прирачник за професионални компетенции за директори на основни и средни училишта

## Прилози

Кон Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година како прилози се доставени:

- ✓ Годишна програма за работа на: директор, помошник директор, сите стручни соработници одделно, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, одделенски совети, хор и оркестар, ученички парламент, ученички правобранител.
- ✓ Програма за работа на Инклузивниот тим на училиштето
- ✓ Акциони планови за реализација на проекти во училиштето и акциски истражувања
- ✓ Програми за вонучилишни активности – Екскурзии и излети
- ✓ Дополнителна и додатна настава
- ✓ Програма за реализација на ученички натпревари
- ✓ Програма за унапредување на мултикултурализмот
- ✓ Проекти што се реализираат во училиштето
  - Програма за антикорупциска едукација на учениците
  - Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем
- ✓ План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите
- ✓ Програма за работа со надарени ученици
- ✓ Програма за работа на ученици со потешкотии
- ✓ Насоки-процедура за работа со ученици со посебни потреби
- ✓ Програма за професионално ориентирање на учениците
- ✓ План за промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација
- ✓ Програма за унапредување на менталното здравје
- ✓ Програма за унапредување на оценувањето
- ✓ План за следење на оценувањето
- ✓ План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовен кадар
- ✓ Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди
- ✓ План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето
- ✓ Кодекси (Правилник) за однесување на ученици, наставници и родители
- ✓ Програма за професионален и кариерен развој на воспитно – образовниот кадар
- ✓ Програма за соработка на училиштето со родителите/старателите
- ✓ Програма за соработка со локална средина и локална заедница
- ✓ Програма за грижа за здравјето на учениците
- ✓ Програма за јавна и културна дејност на училиштето
- ✓ Проширена програма за работа на училиштето
- ✓ Програма за следење, вреднување и унапредување на воспитно – образовниот процес

Датум | м.п. | Директор
---|---|---
14.08.2025 год. | | ___________________________
Демир Хисар | | /Валентина Димоска/

Претседател на Училишен одбор

________________________________

/Јасмина Перчаковска Василевска/